Општинско основно училиште

***“Наум Охридски”- Булачани, Скопје***

# *ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА*

***на воспитно - образовната работа на училиштето во периодот***

***јуни, 2020 - јуни, 2022***

***година***

**Скопје**

**јуни, 2022**

## 1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето

1.1 Самоевалуација Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на работата и постигнувањата со единствена цел унапредување на воспитно – образовната дејност и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Во постапката на самоевалуација на училиштето се бара одговор на три клучни прашања:

- Колку е добро нашето училиште?
- Како го знаеме тоа?
- Што може да направиме да бидеме подобри?

Одговорите на овие прашања се темелат на објективни и релевантни податоци, како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

### 1.2 Цели на самоевалуацијата

Цели на самоевалуацијата се:

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата на училиштето;
- Вклучување на сите субјекти во развојниот процес на училиштето: директор, стручни соработници, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница;
- Обезбедување поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето;
- Преземање мерки за поефикасна и поквалитетна работа, а со тоа и постигнување подобри резултати;
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и преземање активности за нивно надминување;
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на воспитнообразовниот процес во училиштето.
- Ефективно и ефикасно раководење на директорот со училиштето;
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација на потребата за развој на училиштето.

### 1.3 Општи податоци за училиштето

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | Општинско основно училиште „Наум Охридски‖ |
| Адреса, место, општина | Улица 5, бр. 1, Булачани, Гази Баба, Скопје |
| Телефон | 02 25 75 946 |
| Факс | / |
| Веб-страница | naumohridski.edu.mk |
| Е-маил | nohridski@yahoo.com |
| Основано од... | Собрание на Општина ―Кале‖, под број 07-311 од 11.01.1966 година. |
| Верификација-број на актот | 26.02.1986 год. Акт бр. 14-1201/1 |
| Година на изградба | 1964 год. |
| Тип на градба | Тврда градба |
| Внатрешна површина на училиштето($m^2$) | 683 $м^2$ |
| Училишен двор ($m^2$) | 3427 $м^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 800 $м^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | сопствено парно греење на нафта |
| Училиштето работи во смени | да |
| Број на паралелки | 9 |
| Број на комбинирани паралелки | 0 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовнипотреби | не |
| Во основното училиште има паралелкиод музичко училиште | не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | зелено знаме – статус на еко училиште |

ПООУ „Наум Охридски“ с. Цршево опфаќа ученици од I, II, III, IV,V,VI, VII VIII и IX одделение.

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | Подрачно општинско основно училиште „Наум Охридски“ |
| Адреса, место, општина | с. Цршево, Гази Баба, Скопје |
| Телефон | 02 25 75 076 |
| Факс | / |
| Веб-страница | naumohridski.edu.mk |
| Е-маил | nohridski@yahoo.com |
| Основано од... | Собрание на Општина —Кале, под број 07-311 од 11.01.1966 година. |
| Верификација-број на актот | 26.02.1986год. Акт бр. 14-1201/1 |
| Година на изградба | 1963 год. |
| Тип на градба | Тврда градба |
| Внатрешна површина на училиштето ($m^2$) | 521 $м^2$ |
| Училиштен двор ($m^2$) | 7024 $м^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 800 $м^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | сопствено парно греење на нафта |
| Училиштето работи во смени | да |
| Број на паралелки | 9 |
| Број на комбинирани паралелки | 0 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | зелено знаме – статус на еко училиште |

ПООУ ,,Наум Охридски,, с. Раштак опфаќа ученици од I, II, III и IV одделение.

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | Подрачно училиште „Наум Охридски‖ |
| Адреса, место, општина | с. Раштак, Гази Баба, Скопје |
| Телефон | 02 25 75 371 |
| Факс | / |
| Веб-страница | naumohridski.edu.mk |
| Е-маил | nohridski@yahoo.com |
| Основано од... | Собрание на Општина ―Кале‖, под број 07-311 од 11.01.1966 година. |
| Верификација-број на актот | 26.02.1986 год. Акт бр. 14-1201/1 |
| Година на изградба | 1965 год. |
| Тип на градба | Тврда градба |
| Внатрешна површина на училиштето ($m^2$) | 143 $м^2$ |
| Училиштен двор ($m^2$) | 4660 $м^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | / |
| Начин на загревање на училиштето | печка на пелети |
| Училиштето работи во смени | не |
| Број на паралелки | 2 |
| Број на комбинирани паралелки | 2 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | зелено знаме – статус на еко училиште |

### 1.4 Начин на спрооведување на самоевалуацијата

Врз основа на член 129, став 1,2, 3 и 4 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година), училиштето на две години спроведува самоевалуација за сопствената работа и постигањата. Училишниот одбор по предлог на директорот, во месец Април, 2022 година формираше Училишна комисија составена од 5 (пет) члена од редот на наставниците, стручните соработници и родителите/ старателите.

Самоевалуацијата ја спроведуваше Училишната комисија.

Во состав на Училишната комисија се:

1. Елена Максимовска-одделенски наставник
2. Елизабета Синделиева – психолог
3. Соња Рулеска – наставник по биологија и хемија
4. Сања Петрушевска-преставник од совет на родители
5. Елена Спасовска-преставник од совет на родители

Самоевалуацијата беше спроведена во период од април –јуни 2022 година, според индикаторите за мерење на квалитет на работата на училиштата, креирани од Државниот просветен инспекторат.

За поголема ефикасност во работењето, беа формирани седум тимови од одделенски наставници, предметни наставници и стручни соработници, според седумте подрачја:

- Наставни планови и програми;
- Постигања на ученици;
- Учење и настава;
- Поддршка на учениците;
- Училишна клима;
- Ресурси;
- Управување, раководење и креирање училишна политика.

Тимовите имаа свои координатори, редовно се состануваа и работеа на своите подрачја.

При изработката на самоевалуацијата, Училишната комисија имаше успешна соработка со седумте тимови од наставници и стручни соработници.

Училишната комисија спроведе анкети со наставници, родители и ученици.

Податоците беа обработени, а резултатите од анализата се внесени во самоевалуацијата. Самоевалуацијата на училиштето успешно е завршена.

### 1.5 Училишен тим за самоевалуација

За поефикасно спроведување на самоевалуацијата, беше формиран училишен тим по подрачја во следниот состав:

| 1-во подрачје **Наставни планови и програми** | 2-ро подрачје **Постигања на учениците** | 3-то подрачје **Учење и настава** | 4-то подрачје **Подршка на учениците** | 5-то подрачје **Училишна клима** |
|---|---|---|---|---|
| **Координатор** Биљана Антанасова<br><br>**Членови:**<br>1. Снежа Ангеловска<br>2.Маја Станковска-<br>3.Билјана Оливеровска Трајковска<br>4.Марија Димитровска | **Координатор** Елена Максимовска<br><br>**Членови:**<br>1.Весна Јованова<br>2.Биљана Белогаска<br>3.Александра Мирчевска<br>4.Каменка Игеска | **Координатор** Билјана Личкова<br>**Членови:**<br>1.Оливера Тушевска Столевска<br>2.Љупка Богдановска<br>3.Весна Димитровска | **Координатор** Елизабета Синделиева<br>**Членови:**<br>1.Ивица Петрушевски<br>2.Виолета Ѓорѓиевска<br>3.Теодора Димовска<br>4.Ненад Рајковчевски | **Координатор** Соња Апостоловска Трајковска<br>**Членови:**<br>1.Јована Димовска<br>2.Оливера Јосифовска<br>3.Соња Рулеска<br>4.Фросина Јанакиевска |

| 6-то подрачје **Ресурси** | 7-мо подрачје **Управување, раководење и креирање политика** |
|---|---|
| **Координатор** Маја Крстеска<br>**Членови:**<br>1.Марија Сотировска<br>2.Александра Величковска<br>3.Сунчица Стојковска<br>4.Сања Костовиќ Николовска | **Координатор** Златка Панчевска<br>**Членови:**<br>1.Мирјана Ивановска<br>2. Марина Миткова<br>3. Виолета Божиновска<br>4.Ивона Величковска |

## 2. Подрачја на вреднување

### Подрачје 1 : Наставни планови и програми

| Самоевалуација на училиштето: О.О.У. ,,Наум Охридски,, с. Булачани Подрачје 1 : Наставни планови и програми |
|---|
| |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br>**1.1 Реализација на наставните планови и програми**<br>• Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>• Реализација на проширени програми<br>**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**<br>• Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми<br>**1.3 Воннаставни активности**<br>• Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатност на учениците со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |

**Тим за спроведување на активностите:**

Билјана Антанасова(наставник по одделенска настава) - *координатор на тимот*

Снежа Ангеловска (наставник по одделенска настава) - *член*

Марија Димитрова (наставник по природни науки) - *член*

Маја Станковска (наставник по информатика) - *член*

Билјана Оливероска Трајковска(наставник по англиски јазик) - *член*

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 1 | Наставни планови и програми | | |
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | | |
| Прегледани документи | | Теми | Активности |
| • Наставните планови и програми од МОН<br>• Нова концепција за наставните планови и програми за прво и четврто одд.<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Наставни планови и програни изработени од наставниците<br>• ИОП програми за учениците со посебни образовни потреби<br>• Тематски планирања на наставниците<br>• Дневници<br>• Записници од Училишен одбор<br>• Записник од Совет на родители<br>• Лекарско уверение на учениците<br>• Записник од инспекциски надзор | | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Изработување на индивидуални образовни планови за учениците со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставен предмет<br>• Планирање на активности за реализација на слободните часови проектните активности на училиштето<br>• Реализација на проширени програми | • Наставните планови и програми кои се реализираат во нашето училиште се во согласност со донесените програмски документи од МОН.<br>• Училиштето ги информира родителите кои се членови на Советот на родители  и другите родители за целите на наставните планови и програми преку: состаноци на Совет на родители, родителски средби,индивидуални средби, состаноци на Училишен одбор.<br>• Родителите делумно влијаат на реализацијата на наставните планови и програми преку нивно учество на Совет на родители,родителски средби,со свои предлози и донации.<br>• Родителите со измени на НПП се запознаваат на Совет на родители,а исто така добиваат делови од Наставните програми на почетокот на учебната година од деветгодишното основно образование.<br>• Наставните планови и програми им се достапни на учениците и тие со нив се запознаваат на првиот одделенски час како и на првиот час и на конкретниот наставен предмет.Родителите со нив се запознаваат на првата родителска средба или пак по индивидуално барање.<br>• Во нашето училиште се регистрирани четворица ученици со посебни образовни потреби.<br>• Училиштето работи со децата со посебни образовни потреби вклучени во редовната настава, се работи според ИОП.За сите ученици со посебни образовни потреби постои инклузивен тим на детето,а родителите се вклучени во изработката на ИОП,со што се обезбедува нивна целосна информираност.Училиштето има процедура за изготвување на ИОП врз основа на |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставната програма по сите предмети со учество на дефектолог.<br>• Нашето училиште нуди повеќе од три изборни предмети според наставниот план и спецификите на локалната средина.<br>• Училиштето им дава можност на учениците самите да се одлучат кој изборен предмет сакаат да го изучуваат во наредната учебна година.<br>• Постапката за избор на наставните предмети е преку информирање на родителите на родителската средба, преку заокружување на изборниот предмет во анкетен лист .Притоа се води грижа за кадровските можности на училиштето како и согласноста за вработување од страна на МОН.<br>• Училиштето има изработено проширени програми почитувајќи ги можностите и потребите на учениците.<br>• Во годишната програма на училиштето е вградена стратегија за имплементација и реализација на наставните планови и програми по поединечни наставни програми.<br>• Наставните планови и програми и програмите за одделенски час го помагаат личниот и општествениот развој на нашите ученици-машки и женски и тоа во меѓусебната соработка,градење на самодовербата и разрешувањето на конфликтите,грижа за здравјето,интерперсоналните односи,личниот развој и слично.<br>• Во рамките на слободните часови – проектни активности , училиштето нуди и реалзира програми за стекнување на знаење и вештини од областа на претприемништво , бизнис и кариерен разво , меѓутничка интеграција и еколошки теми. Притоа осигурува вклученот на учениците со посебни образовни потреби.<br>• Според законот за основно образование дополнителна и додатна настава се реализира задолжително и редовно по еден час неделно,како дел од редовната наставна програма. |

| **1.2** | **Квалитет на наставните планови и програми** | |
|---|---|---|
| **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| • **Наставните планови и програми од МОН**<br>• **Годишна програма на училиштето**<br>• **Наставни планови и програни изработени од наставниците**<br>• **Тематски планирања на наставниците**<br>• **Дневници**<br>• **Дневни подготовки на наставниците**<br>• **Изработени нагледни средства , портфолиа, извештаи од истражување**<br>• **Записници од стручни активи**<br>• **Записник од инспекциски надзор** | • Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните планови и програми<br>• Интегрирање на општи (меѓупредметни цели на образованието)<br>• Влијание на наставници и родители врз наставните планови и програми | • Наставните планови и програми обезбедуваат ефективно,лично,социјално,граѓанско и здравствено образование како и образование за односите меѓу половите,меѓучовечките односи,образование за злоупотреба на алкохолот,дрогата и прашањето за сидата.<br>• Во нашето училиште се организираат предавања од стручни лица за однос меѓу половите и нивните сексуални врски, репродуктивно здравје, болести на зависност, сида и др.<br>• Постојат примери на соодветно интегрирање на особеностите на локалната средина во наставните програми и наставни помагала<br>• Наставници ги почитуваат насоките за вградување на меѓупредметните цели во дел од наставните програми што се реализираат.<br>• Учениците ,родителите и наставниците влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми<br>• Со помош и поддршка од училиштето и наставиците,учениците делумно влијаат во креирање на наставните планови и програми,така што се вклучуваат преку изработка на проекти и истражување на одредени теми<br>• Помал број родители влијаат преку својата професионална определба односно занимање т.е со заедничко организирање посети на претпријатија,музеи и други објекти.<br>• Наставниците директно влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми преку избор на наставни методи,форми и средства,избор на временски период во кој ќе се обработува некоја тема,избор на текстови прилагодени на наставните содржини |

| 1.3 | Вонпаставни активности | |
|---|---|---|
| • **Годишна програма за работа**<br>• **Програма за дополнителна и додатна настава**<br>• **Педагошка евиденција и документација**<br>• **Дипломи, признанија , пофалници од учества на манифестации и натпревари**<br>• **Извештај од реализирани МИО активности и вонпаставни активности**<br>• **Записник од инспекциски надзор** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните вон наставни активности.<br>• Опфатеност на учениците<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата на вонпаставните активности.<br>• Афирмирање на учениците и училиштето преку вонпаставните активности. | • Училиштето планира и реализира разновидни вонпаставни активности кои имаат за цел развој на граѓанските и општествените компетанции за доживотно учење .Во услови на пандемијата со Ковид 19,изведувањето на овие активности беше сведено на минимално ниво заради почитување на сите мерки за здравствена заштита. Вонпаставните активности ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Училиштето оваа година не организираше заеднички вонпаставни активности со училишта со други наставни јазици заради сиуацијата со пандемијата.<br>• Од реализацијата на овие активности се овозможува социјализација на учениците , тимско работење , развивање на чувство на припадност на група , развивање на натпреварувачки дух, градење на самодоверба и самодокажување.<br>• Постојат и се користат средства за афирмирање на вонпаставните активности и на продуктите од нив преку изложување на истите во училишните холови, катчиња и споделување на активностите на фејсбук страната на нашето училиште.<br>• Учениците учествуваат на различни манифестации, конкурси, натпревари од областа на спортот , математиката, македонскиот јазик, ликовното и музичкото изразување.<br>• Учениците работат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка содржина.<br>• Училиштето нуди разни слободни ученички активности кои се подеднакво достапни за сите ученици и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби. |

| Методи кои се користени | Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| ➢ **Анкета за ученици** | ➢ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br><br>**Билјана Антанасова**<br>**Снежа Ангеловска**<br>**Билјана Оливероска Трајковска**<br>**Маја Станковска**<br>**Марија Димитрова** | **Со анкетирање на 30 ученици добиени се следните податоци:**<br><br>Во почетокот на учебната година наставниците им објаснуваат на учениците што и како ќе се учи. Наставните содржини се добредојдени за нивното животно искуство.Во училиштето учат многу корисни работи, но имаат и многу наставни часови. Делумно учествуваат во креирање на наставните планови и програми.Учениците делумно се вклучени во иницијатива за измена и дополнување на наставните планови и програми.Наставниците имаат современ приод кон совладување и реализирање на наставните планови и програми.Учениците делумно се запознаени за зависности од дрога, полово преносливи болести , ХИВ/СИДА и сл. Училиштето организира воннаставни активности.Секој ученик е вклучен по сопствен избор во воннаставните активности. Учениците делумно имаат клучна улога во изготвувањето на програмите за работата на воннаставните активности.Оваа година поради ситуацијата со пандемијата во училиштето не се организираа воннаставни активности со училиште со друг наставен јазик.Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби.<br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално , државно и меѓународно ниво.Учениците работат на проекти и покренуваат иницијатива од еколошка природа.Училиштето за афирмирање на воннаставните активности соодветно ги користи различните медиуми (интернет страна , социјални мрежи , ученичко катче и др.).Училиштето обебедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција во училиштето и со партнер училиштето. |
| ➢ **Анкета за наставници**<br><br>➢ **Интервју со наставници** | ➢ Тим на наставници одговорни за ова подрачје : | **Од анкетирани 25 наставници се добиени следниве податоци:**<br><br>Применуваните НПП се во согласност со донесените програмски документи од МОН.Реализацијата на НПП е во пропишаниот обем и обезбедува |

| | | |
|---|---|---|
| | **Билјана Антанасова**<br>**Снежа Ангеловска**<br>**Билјана Оливероска Трајковска**<br>**Маја Станковска**<br>**Марија Димитрова** | постигање на целите од концепциите за основно образование. Содржините во голем дел од наставните програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошките теми. Со сите ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава се работи според ИОП. Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети, според наставниот план. Во НПП вклучено е стекнување на сите потребни компетенции: знаења, вештини, ставови, вредности. Наставниците имаат можност да влијаат во креирањето на НПП.Во НПП се води сметка за меѓусебната содржинска поврзаност на предметите. Наставните содржини одговараат на индивидуалните потреби на ученикот и на нивното предходно искуство. НПП во континуитет се надополнуваат и се осовременуваат.Во НПП јасно се дефинирани целите и исходот на ученикот. Постои корелација на наставниот материјал со целите на учење. Во НПП јасно се дефинирани критериумите за оценување. Во училиштето има доволно вработени за да ги спроведат НПП. На наставниците доволно им е овозможено да се усовршат за примена на НПП, со исклучок на НПП по новата концепција за 1 и 4 одд. каде што при спреведено интервју со наставниците е заклучено дека се соочуваат со преобемен материјал за реализација и недостиг на ресурси-учебници. Во училиштето постои поставен систем на самоевалуација на примената на НПП. Наставниците се задоволни со програмата на предметот кој го предаваат и можностите за понатамошно усовршување.Во НПП е вклучено користење на ресурсите на заедницата. Постојат можности за интегративни пристапи кон содржините во повеќе од еден предмет. Наставниците доволно преземаат одговорност за реализација на меѓупредметните цели. Учениците делумно имаат улога во изготвување на програмите за работата на воннаставните активности. Учениците се вклучени во воннаставните активности по сопствен избор.<br><br>Училиштето има капацитет да ги прилагодува наставните програми по сите предмети според можностите на децата со посебни образовни потреби. Од оваа година голема помош за реализација на наставата со децата со ИОП е опременоста на училиштето со посебна просторија-сензорна соба. |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ **Анкета за родители**<br>➢ **Интервју со родители** | ➢ Тим на наставници одговорни за ова подрачје :<br><br>**Билјана Антанасова**<br>**Снежа Ангеловска**<br>**Билјана Оливероска Трајковска**<br>**Маја Станковска**<br>**Марија Димитрова** | **Од анкетирањето на 31 родител се добиени следниве податоци:**<br><br>Родителите се солидно запознаени со наставните планови и програми во училиштето.Наставните планови и програми делумно треба да подлежат на извесни корекции со учество и влијание на родителите.Особено тоа се однесува на НПП за 1 и 4 одд,каде што незадоволството родителите го насочуваат кон преобемната материја,многу наставни часови (за првачињата) и немањето на учебници што секако го отежнува совладувањето на наставниот материјал.<br>Училиштето е целосно отворено за соработка со родителите и во целост се почитуваат нивните сугестии. Преку Советот на родители може да се влијае за организацијата на наставните планови и програми.Учениците се делумно вклучени во креирањето на наставните планови и програми. Наставниците имаат современ приод кон совладување и реализирање на наставните планови и програми. Училиштето преку Советот на родители планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност. Во еден дел од НПП постојат добри примери за вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми и негување на меѓуетничката интеграција во образованието. Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат. Училиштето покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми или иновирање на постојните. Наставата во училиштето е на високо ниво, во однос на поттикнување на самодоверба, кооперативност и толеранција на учениците. Во училиштето не постојат етички и полови нееднаквости. Учениците се запознаени со зависности од дрога , полово преносливи болести, ХИВ / СИДА и сл.Во училиштето се работи на градење на личноста како општествен субјект. Училиштето е современо во однос на техничка опременост. Во училиштето се организираат воннаставни активности.Во воннаставните активности се вклучени учениците по сопствен избор низ транспарентна процедура Воннаставните активности не го оптеретуваат ученикот,напротив, тие се исклучително позитивни во креирањето на ученикот и неговото самоискажување. |

**АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА РОДИТЕЛИ**

(31 родител : 23 женски и 8 машки)

| Ред. Бр. | Прашања | Потполно се согласувам | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Запознаен/а сум со наставните планови и програми во училиштето.<br><br> | 48,4% - 15 | 35,5% - 11 | 16,1% - 5 | / |
| 2 | Наставните планови и програми треба да подлежат на извесни корекции со учество и влијание на родителите.<br><br> | 29% - 9 | 41,9% - 13 | 25,8% - 8 | 3,2% - 1 |
| 3 | Училиштето е целосно отворено за соработка со родителите и целосно се почитуваат нашите сугестии.<br><br> | 54,8% - 17 | 35,5% - 11 | 9,7% - 3 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Преку Советот на родители може да се влијае за организацијата на наставните планови и програми.<br><br> | 25,8% - 8 | 51,6% - 16 | 19,4% - 6 | 3,2% - 1 |
| 5 | Училиштето преку Советот на родители планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност.<br><br> | 38,7% - 12 | 45,2% - 14 | 9,7% - 3 | 6,5% - 2 |
| 6 | Постојат добри примери за вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми и негување на меѓуетничката интеграција во образованието.<br><br> | 32,3% - 10 | 58,1% - 18 | 3,2% - 1 | 6,5% - 2 |

<table>
<tr><td>7</td><td>Наставата во училиштето е на високо ниво, во однос на поттикнување на самодоверба, кооперативност и толеранција на учениците.<br>
</td><td>58,1% - 18</td><td>38,7% - 12</td><td>3,2% - 1</td><td>/</td></tr>
<tr><td>8</td><td>Во училиштето не постојат етички и полови нееднаквости.<br>
</td><td>67,7% - 21</td><td>32,3% - 10</td><td>/</td><td>/</td></tr>
<tr><td>9</td><td>Учениците се запознаени со зависности од дрога, полово преносливи болести, ХИВ / СИДА и сл.<br>
</td><td>32,3% - 10</td><td>35,5% - 11</td><td>22,6% - 7</td><td>9,7% - 3</td></tr>
<tr><td>10</td><td>Во училиштето се работи на градење на личноста како општествен субјект.<br>
</td><td>51,6% - 16</td><td>45,2% - 14</td><td>3,2% - 1</td><td>/</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>11</td><td>Училиштето го сметам за современо во однос на техничка опременост.<br><br></td><td>54,8% - 17</td><td>35,5% - 11</td><td>3,2% - 1</td><td>6,5% - 2</td></tr>
<tr><td>12</td><td>Воннаставните активности се исклучително позитивни во креирањето на ученикот и нивното самоискажување.<br><br></td><td>51,6% - 16</td><td>45,2% - 14</td><td>3,2% - 1</td><td>/</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Воннаставните активности го оптеретуваат ученикот и му го скратуваат слободното време и времето за учење.<br><br></td><td>12,9% - 4</td><td>3,2% - 1</td><td>16,1% - 5</td><td>67,7% - 21</td></tr>
</table>

Самоевалуација на ООУ Наум Охридски, Булачани, период:2020-2022

**АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА УЧЕНИЦИ**

(30 ученици: 22 момчиња и 8 девојчиња)

<table>
<tr><th>Ред. број</th><th>Прашања</th><th>Потполно се согласувам</th><th>Се согласувам</th><th>Делумно се согласувам</th><th>Не се согласувам</th></tr>
<tr><td>1</td><td>Во почетокот на учебната година наставниците ни објаснуваат што и како ќе учиме.<br>
</td><td>56,7% - 17</td><td>40% - 12</td><td>3,3% - 1</td><td>/</td></tr>
<tr><td>2</td><td>Содржината на поголемиот дел на предметите ми е интересен и корисен.<br>
</td><td>56,7% - 17</td><td>36,7% - 11</td><td>6,7% - 2</td><td>/</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Имаме многу наставни часови.<br> | 10% - 3 | 63,3% - 19 | 23,3 - 7 | 3,3% - 1 |
| 4 | Во училиштето учиме работи што никогаш нема да ни бидат потребни.<br> | 10% - 3 | 20% - 6 | 30% - 9 | 40% - 12 |
| 5 | Учениците се вклучени во иницијатива за измена и дополнување на наставните планови и програми.<br> | 20% - 6 | 33,3% - 10 | 23,3% - 7 | 23,3% - 7 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Наставниците имаат современ приод кон совладување и  реализирање на наставните планови и програми.   | 46,7% - 14 | 43,3% - 13 | 10% - 3 | / |
| 7 | Не сум забележал/а етички и полови нееднаквости.   | 46,7% - 14 | 40% - 12 | 10% - 3 | 3,3% - 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Осознаваме доволно за зависности од дрога, полово преносливи болести, ХИВ/СИДА и сл.   | 30% - 9 | 43,3% - 13 | 16,7% - 5 | 10% - 3 |

<table>
<tr><td>9</td><td>Вклучен/а сум во воннаставни активности по сопствен избор.<br>
</td><td>50% - 15</td><td>36,7% - 11</td><td>6,7% - 2</td><td>6,7% - 2</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>10</td><td>Имаме улога во изготвувањето на програмите за работата на воннаставните активности.<br>
</td><td>16,7% - 5</td><td>53,3% - 16</td><td>23,3% - 7</td><td>6,7% - 2</td></tr>
<tr><td>11</td><td>Нашето училиште организира воннаставни активности со училиште со друг наставен јазик.<br>
</td><td>23,3% - 7</td><td>36,7% - 11</td><td>13,3% - 4</td><td>26,7% - 8</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>12</td><td>Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби.<br></td><td>43,3% - 13</td><td>36,7% - 11</td><td>13,3% - 4</td><td>6,7% - 2</td></tr>
<tr><td>13</td><td>Учениците, со поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално , државно и меѓународно ниво.<br></td><td>50% - 15</td><td>36,7% - 11</td><td>13,3% - 4</td><td>/</td></tr>
<tr><td>14</td><td>Учениците работат на проекти и покренуваат иницијатива од еколошка природа.<br></td><td>46,7% - 14</td><td>43,3% - 13</td><td>10% - 3</td><td>/</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>15</td><td>Училиштето за афирмирање на вonнаставните активности соодветно ги користи различните медиуми (интернет страна, социјални мрежи , ученичко катче и др.)


</td><td>43,3% - 13</td><td>43,3% - 13</td><td>13,3% - 4</td><td>/</td></tr>
<tr><td>16</td><td>Училиштето обезбедува промоција на активностите за меѓуетничка интеграција во училиштето и со партнер училиштето.


</td><td>26,7% - 8</td><td>36,7% - 11</td><td>26,7% - 8</td><td>10% - 3</td></tr>
</table>

Самоевалуација на ООУ Наум Охридски, Булачани, период:2020-2022

**АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА НАСТАВНИЦИ**

(25 наставници:24 женски и 1 машко)

| Реден број | Прашања | Потполно се согласувам | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | НПП во континуитет се надополнуваат и се осовременуваат.  | 60% - 15 | 40% - 10 | / | / |
| 2 | Реализацијата на НПП е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование.  | 40% - 10 | 56% - 14 | 4% - 1 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Содржините во сите наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошките теми.<br><br> | 32% - 8 | 64% - 16 | 4% - 1 | / |
| 4 | Во НПП вклучено е стекнување на сите потребни компетенции: знаења, вештини, ставови, вредности.<br><br> | 40% - 10 | 44% - 11 | 16% - 4 | / |
| 5 | Наставниците имаат можност да влијаат во креирањето на НПП.<br><br> | 24% - 6 | 48% - 12 | 20% - 5 | 8% - 2 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Во НПП се води сметка за меѓусебната содржинска поврзаност на предметите.   | 36% - 9 | 40% - 10 | 24% - 6 | / |
| 7 | Наставните содржини одговараат на индивидуалните потреби на ученикот и на нивното претходно искуство.   | 36% - 9 | 36% - 9 | 28% - 7 | / |
| 8 | Во НПП јасно се дефинирани целите и исходот на ученикот.   | 52% - 13 | 44% - 11 | 4% - 1 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Во НПП јасно се дефинирани критериумите за оценување.<br><br> | 44% - 11 | 44% - 11 | 12% - 3 | / |
| 10 | Задоволен/а сум со програмата на предметот кој го предавам.<br><br> | 28% - 7 | 40% - 10 | 32% - 8 | / |
| 11 | Задоволен/а сум со можностите за понатамошно усовршување.<br><br> | 28% - 7 | 60% - 15 | 12% - 3 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Во НПП е вклучено користење на ресурсите на заедницата.<br> | 32% - 8 | 56% - 14 | 8% - 2 | 4% - 1 |
| 13 | Училиштето има капацитет да ги прилагодува наставните програми по сите предмети според можностите на децата со посебни образовни потреби.<br> | 36% - 9 | 36% - 9 | 28% - 7 | / |
| 14 | Организирам воннаставни активности и ги поддржувам.<br> | 36% - 9 | 52% - 13 | 12% - 3 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15 | Учениците се вклучени во воннаставните активности по сопствен избор   | 36% - 9 | 56% - 14 | 8% - 2 | / |
| 16 | Учениците имаат клучна улога во изготвување на програмите за работата на воннаставните активности.   | 24% - 6 | 56% - 14 | 12% - 3 | 8% - 2 |

| Самоевалуација на училиштето: ООУ Наум Охридски – с. Булачани   Подрачје 1: Наставни планови и програми |
|---|
| **Резултати:** |
| • **Клучни јаки страни**<br><br>• Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН,а нивната реализација обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование<br>• Содржините во сите наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акции од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошки теми<br>• Наставниците имаат современ приод кон совладување и реализирање на наставните планови и програми<br>• Наставниците користат разновидни наставни форми и методи во наставата вклучувајќи и ИКТ<br>• Учениците се вклучени во проекти и истражување на одредени теми<br>• Училиштето преку формалните органи планира активности за наставните планови и програми од аспект на мултикултурализам,родова и етничка рамноправност<br>• Родителите на состаноците на Советот на родители редовно се известуваат за измените во наставите планови и програми<br>• Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети според наставниот план.Постапката за определување на изборни предмети се применува во целост,со доследно почитување на потребите и барањата на учениците.<br>• Со сите ученици со посебни образовни потреби ,вклучени во редовната настава, се работи според ИОП.<br>• Од оваа година голема помош за реализација на наставата со децата со ИОП е опременоста на училиштето во с.Булачани со посебна просторија-сензорна соба<br>• Училиштето има пропишана процедура за изготвување ИОП врз основа на наставните програми по сите наставни предмети со учество на инклузивниот тим<br>• За сите ученици со посебни образовни потреби постои инклузивен тим на детето,а родителите се вклучени во изработка на ИОП , со што се обезбедува нивна целосна информираност.<br>• Учество на нашите ученици на Регионални и Државни натпревари<br>• Медиумско афирмирање на училиштето со истакнување на придобивките од воннаставните активности |
| **Слабости**<br><br>• НПП по новата концепција за 1 и 4 одд. содржат преобемен материјал за реализација<br>• Недостиг на ресурси-учебници за 4 одд<br>• Многу наставни часови за учениците<br>• Слаба иницијатива на учениците  за креирање,изменување и дополнување на НПП<br>• Потреба од сензорна соба во училиштето во с.Црешево за поуспешна реализација на наставата со децата со ИОП |

| Самоевалуација на училиштето: ООУ Наум Охридски – с. Булачани | Подрачје — Наставни планови и програми |
|---|---|
| **Анализа на резултатите:** | |

Во почетокот на учебната година наставниците објаснуваат што и како ќе се учи. Содржината на поголемиот дел на предметите е интересен. Во училиштето учат многу корисни работи, но имаат и многу наставни часови-особено во 1 одд по новата концепција. Родителите делумно учествуваат во креирање на наставните планови и програми. Учениците имаат слаба иницијатива за креирање, измена и дополнување на наставните планови и програми. Наставниците имаат современ приод кон совладување и реализирање на наставните планови и програми. Учениците доволно се запознаени за зависности од дрога, полово преносливи болести, ХИВ/СИДА и сл. Училиштето организира воннаставни активности. Секој ученик е вклучен по сопствен избор во воннаставните активности. Учениците имаат улога во изготвувањето на програмите за работата на воннаставните активности. Во училиштето оваа година не се организираа воннаставни активности со училиште со друг наставен јазик поради ситуацијата со пандемијата.Училиштето обезбедува услови и ги вклучува учениците со посебни образовни потреби. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Учениците работат на проекти и покренуваат иницијатива од еколошка природа. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности соодветно ги користи различните медиуми (интернет страна, социјални мрежи, ученичко катче и др.).

Применуваните НПП се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Реализацијата на НПП е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите од концепциите за основно образование, делумно со потешкотии при реализација на НПП по новата концепција. Содржините во сите наставни програми овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и ги вклучуваат точките на акција од воспоставените еколошки стандарди за одржлив развој и еколошките теми. Со сите ученици со посебни образовни потреби, вклучени во редовната настава се работи според ИОП.Особено олеснување и од голема помош е опременувањето на училиштето со сензорна соба и голем број на ресурси. Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети, според наставниот план. Во НПП вклучено е стекнување на сите потребни компетенции: знаења, вештини, ставови, вредности. Наставниците имаат можност да влијаат во креирањето на НПП. Во НПП се води сметка за меѓусебната содржинска поврзаност на предметите. Наставните содржини одговараат на индивидуалните потреби на ученикот и на нивното предходно искуство. НПП континуирано се надополнуваат и се осовременуваат. Во НПП јасно се дефинирани целите и исходот на ученикот. Постои корелација на наставниот материјал со целите на учење. Во НПП јасно се дефинирани критериумите за оценување. Во училиштето има доволно вработени за да ги спроведат НПП. На наставниците доволно им е овозможено да се усовршат за примена на НПП. Во училиштето постои поставен систем на самоевалуација на примената на НПП. Наставниците се задоволни со програмата на предметот кој го предаваат и можностите за понатамошно усовршување. Во НПП делумно е вклучено користење на ресурсите на заедницата. Постојат можности за интегративни пристапи кон содржините во повеќе од еден предмет. Наставниците преземаат одговорност за реализација

| |
|---|
| на меѓупредметните цели. Училиштето има капацитет да ги прилагодува наставните програми по сите предмети според можностите на децата со посебни образовни потреби.<br><br>Родителите се запознаени со наставните планови и програми во училиштето. Училиштето е целосно отворено за соработка со родителите и во целост се почитуваат нивните сугестии. Преку Советот на родители може да се влијае за организацијата на наставните планови и програми. Учениците се слабо вклучени во креирањето, изменување и дополнување на наставните планови и програми. Училиштето преку Советот на родители планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност. Делумно постојат добри примери за вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми и негување на меѓуетничката интеграција во образованието. Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат. Училиштето покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми или иновирање на постојните. Наставата во училиштето е на високо ниво, во однос на поттикнување на самодоверба, кооперативност и толеранција на учениците. Во училиштето не постојат етички и полови нееднаквости. Учениците се запознаени со зависности од дрога, полово преносливи болести, ХИВ / СИДА и сл.но во иднина се планира да се зголеми бројот на активностите од ваква природа. Во училиштето се работи на градење на личноста како општествен субјект. Училиштето е современо во однос на техничка опременост. Во училиштето се организираат вонннаставни активности. Воннаставните активности се исклучително позитивни во креирањето на ученикот и нивното самоискажување. Во воннаставните активности се вклучени учениците по сопствен избор. Активностите со партнер училиштето не се реализирани поради ситуацијата со пандемијата и ќе се настојува во наредната година да продолжат. |
| **Идни активности:**<br><br>➢ Изготвување план и стратегија од страна на наставниците за полесно совладување на НПП по новата концепција<br>➢ На состаноците на Ученичкиот парламент учениците да се мотивираат да ги искажуваат своите мислења и идеи за изменување и дополнување на НПП |

Изработиле:

**Билјана Антанасова**

**Снежа Ангеловска**

**Марија Димитрова**

**Маја Станковска**

**Билјана Оливеровска Трајковска**

| **Самоевалуација на училиштето:** | **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
| --- | --- |

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**2.1. Постигнувања на учениците**

• Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди

• Подобрување на постигнувањата на учениците

• Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој

• Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава

• Следење на хоризонталното и на вертикалното движење

• Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците

**2.2 Задржување/осипување на учениците**

• Опфат на учениците

• Редовност во наставата

• Осипување на учениците

• Премин на ученици од едно училиште во друго

**2.3 Повторување на учениците**

• Ученици што не ја завршуваат годината/образованието

**Тим за спроведување на активностите:**

Елена Максимовска (наставник по одделенска настава) - *координатор на тимот*
Весна Јовановска (наставник по одделенска настава) - *член*
Биљана Белогаска (наставник по одделенска настава) - *член*
Александра Мирчевска (наставник по англиски јазик) - *член*

| Бр | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 2 | **Постигања на учениците** | | |
| **2.1** | **Постигања на учениците** | | |
| | Прегледани документи | Теми | Активности |
| | • Годишен и полугодишен извештај<br>• Одделенски и главни книги<br>• Анализи на успехот и поведението по квалификациони периоди<br>• Самоевалуациони записници<br>• Записници од Наставнички совет, Одделенски совет, Училишен одбор и Совет на родители<br>• Училишни програми<br>• Инструменти за следење на успехот и поведението на учениците од I - IX одд. низ цела учебна година<br>• Извештај од работата на психолошклата служба<br>• Програма за дополнителна и додатна настава<br>• Досиеја на ученици | • Следење на постигањата на учениците од различен пол по наставни предмети и по квалификациони периоди.<br>• Подобрување на постигањата на учениците од различен пол на наставата.<br>• Идентификација на ученици со тешкотии во учењето, на надарени ученици и на ученици со посебни образовни потреби<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовна и дополнителна/додатна настава:<br>• Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование.<br>• Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците<br>• Еднаква вклученост на учениците (од различен пол наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката | • Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по паралелки, на ниво на одделение и по сите предмети на крајот од секој квалификационен период. На крајот на секоја учебна година исто така се прават споредбени анализи на средниот успех, поведението, изостаноците, како и споредба на успехот на учениците по пол.Со цел да се согледаат постигањата на учениците по наставни предмети, пол и по квалификациони периоди, разгледани се горенаведените документи и направен е преглед на Годишен извештај за работа на училиштето 2020/21; 2021/22;<br>Од анализата на успехот може да се заклучи дека започнато е подобрување на успехот на учениците постигнат по наставните предмети.<br>• Учениците од прво до трето одделение описно се оценуваат, а во четврто, петто и шесто одделение се оценуваат комбинирано(описно на тримесечија и полугодие, бројчано на крај година), а за таа цел се користат различни инструменти (дневни формулари за следење на учениците, листови за самооценување, чек-листи по предмети и досиеја на учениците). Сите наставници користат инструменти, активни методи и техники, ИКТ во наставата .<br>• Идентификација на ученици со потешкотии во учењето, на надарени ученици и ученици со посебни образовни потреби го вршат наставниците како и психологот, педагогот и дефектологот на училиштето. Напредокот на учениците со потешкотии во учењето се следи преку подготовки за дополнителна настава во кои има рефлексија и папки со изработен материјал. Повеќето наставници имаат докази во папки. На Одделенските совети се изнаоѓаат начини за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | и програмата за Меѓуетничка интеграција во образованието. | работа со тие ученици преку разговори со психологот,педагогот,дефектологот, директорот и колегите (најчесто со зголемен број на дополнителни часови, индивидуализиран и диференциран пристап во работата со овие деца, повремено и дополнителни часови со психологот и дефектологот).<br>• Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација и евиденција од страна на наставниците (анегдотски белешки, оценки...) Селекцијата на овие деца се врши и преку индентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична, физичка и музичка надареност. Успехот и постигањата на надарените деца во континуитет е следен и од страна на стручните соработници.<br>Во училиштето се избира првенец на генерација, за што е изготвен Правилник со критериуми на успешност и инструмент со бодовна листа за вреднување на учениците кандидати за првенец на генерација.<br>• Во училиштето е вработен и стручен соработник дефектолог кој воедно е координатор на Инклузивниот тим во училиштето.Тимот дава поддршка на наставни- ците и придонесува за јакнење на нивните капацитети за препознавање на интересите и способностите на учениците со пречки во развојот, а воедно им помага при избор и употреба на адаптирани специфични методи, форми и техники на работа.<br>Дефектологот во континуитет соработува со наставниците и работи со децата со посебни образовни потре- би како би се направила што подобра клима за нивна инклузија. Групата деца со кои работат стручните сора ботници се формира врз основа на наод/мислење од Центарот за ментално здравје и Меѓународна класификација на функционирање, попреченост и здравје.<br>Наодите се земаат во предвид кога се изготвува долгорочен, среднорочен и краткорочен оперативен план за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | работа со овие деца или се работи со диференци- ран пристап.<br>Постигањата на децата во овој случај се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во диференцираниот пристап. Се поттикнува инивиду- ален напредок според индивидуалните способности на овие ученици.<br>• Освен изготвување на програми, индивидуалниот пристап и постојаната поддршка на учениците, за подобрување на постигањата во редовната настава, наставниците изготвуваат програма за дополнителна настава,додатна настава и слободни ученички активности и редовно до училиштето доставуваат месечен распоред за реализација на часовите. Часовите за додатна и дополнителна настава и слободните ученички активности се држат редовно и во одделенска и во предметна настава.<br>• Во текот на учебната година се одржани четири состаноци на Одделенски совет со однапред утврден Дневен ред. На состаноците се присутни сите одделенски раководители од I-IX одд. и сите предметни наставници кои предаваат во тие одделенија. На тие состаноци се дискутира за бројната состојба на учениците во паралелката, за реализација на наставната содржина и уредното водење на педагошката администрација, за предлог оценки на учениците од првото и второто полугодие, поведение, дисциплина и изостаноци. Со состанокот раководи Директорот на училиштето. Секој одделенски раководител се произнесува по точките од Дневниот ред за својата паралелка.<br>• Во текот на учебната година се организираат Наставнички совети според потребите и барањата на воспитно-образовната работа во училиштето. На Наставничките совет присуствуваат сите наставници а истите ги води Директорот на училиштето. Целта на состаноците-советите е секој наставник да биде запознаен со работата на училиштето, успехот и дисциплината на учениците и се разбира се она што е неопходно за нормална работа на една воспитна-образовна институција.Успехот и дисциплината се приоритети на Наставничките совети.Исто така разгледување на успехот во првото тромесечие од учебната година, полугодишниот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | извештај, третото тромесечие и на крајот од учебната година. На овие состаноци се разгледува годишната програма за работа, изрекување на педагошки мерки на недисциплинирани ученици, бројната состојба на учениците во паралелките, реализација на наставното градиво и уредно водење на одделенската администрација,известување од оддржаните семинари, формирање на тим за развојно планирање во училиштето, одредување ментори по предмети за кои има примено наставници почетници (приправници).Контактите со родителите се исто така тема на советите без разлика дали се работи за успех, дисциплина,социјални проблеми,правата на учениците по сите наставни предмети.<br>• Постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус во рамките на училиштето се следат преку истражувачки постапки водени од страна на психологот. Се следи трендот на постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава. Доколку се појави разлика во постигањата при премин од еден во друг циклус, училиштето ги анализира причините за ваквата појава и презема активности за нивно надминување Постигањата на учениците од едно во друго ниво на образование (основно-средно) не се следат заради немање на повратна информација.<br>• Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените две учебни години. Постигањата според наставните предмети и полот се следат врз основа на позитивни / негативни оцени, одлични, многу добри, добри, доволни.<br>• По прегледаните документи со цел да се согледаат постигањата на учениците по наставни предмети, пол и по квалификациони периоди, направен е хоризонтален и вертикален преглед на успехот на учениците на една паралелка .<br>• Го следевме хоризонталниот и вертикалниот постигнат успех на истите ученици од VII одд. во учебната 2020/21 и VIII во учебната 2021/22 г. |

- Врз основа на анализата на општиот успех на учениците од VII одд. во учебната 2020/ 2021 год. по наставни предмети и пол се добиени следниве податоци претставени во следниве табели:

Од вкупно 17 ученика во VII одд,

10 се женски,7 се машки

| **Среден успех по предмети** | **Среден успех по пол** **женски** | **машки** |
|---|---|---|
| Македонски јазик 3.94 | 4.07 | 3.57 |
| Англиски јазик 3.94 | 4.08 | 4.43 |
| Француски јазик 4.00 | 4.07 | 3.86 |
| Математика 3.50 | 4.02 | 3.86 |
| Историја 3.19 | 4,00 | 4.86 |
| Географија 4.25 | 4.05 | 4.14 |
| Биологија 4.19 | 4.06 | 4.14 |
| Информатика 3.63 | 4.01 | 3.57 |
| Етика 3,75 | 4.08 | 4.43 |
| Ликовно. обра. 4.88 | 4.09 | 5.00 |
| Музичко обра. 4.94 | 4.09 | 4.71 |
| Танци и народ. ора 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| Физичко и здр.обр. 5.00 | 4.09 | 4.86 |

**Следејќи го успехот по пол:** Од вкупно 10 женски:

8 се одлични и 2 се мн.добри.

Од вкупно 7 машки: 3 се одлични, 4 се многу добри.

Учениците од машкиот пол покажале подобар успех по сите наставни предмети,освен по англиски јазик.

**Среден успех по пол: женски – 4.62 , машки- 4.35**

**Среден успех на одделението е 4.48**

Изостаноци : оправдани - 74 , неоправдани - /

Поведението кај сите ученици е примерно.

Истите ученици во учебната 2021/2022г се VIII одд. и го постигнале следниот успех по предмети и пол:

| Среден успех по предмети | | Среден успех по пол женски | машки |
|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 3,94 | 4,22 | 3,57 |
| Англиски јазик | 3,94 | 4,11 | 3,71 |
| Француски јазик | 4,00 | 4,33 | 3,57 |
| Математика | 3,50 | 3,66 | 3,29 |
| Историја | 3,19 | 3,33 | 3,00 |
| Географија | 4,25 | 4.44 | 4,00 |
| Биологија | 4,19 | 4,44 | 3,86 |
| Хемија | 3,75 | 3,89 | 3,57 |
| Физика | 3.63 | 3,78 | 3,43 |
| Граѓанско обр. | 4,25 | 4,44 | 4,00 |
| Ликовно обр. | 4,88 | 5,00 | 4,71 |
| Музичко обр. | 4,94 | 4,89 | 5,00 |
| Физичко и здр.обр. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |
| Проекти од муз.пис. | 5,00 | 5,00 | 5,00 |

**Следејќи го успехот по пол:** Од вкупно 10 женски:

4 се одлични, 6 многу добра.

Од вкупно 7 машки: 2 е одличен, 5 се многу добри.

Учениците од машки пол покажале подобар успех по сите наставни предмети, освен по предметот француски јазик, историја и физичко и здравствено образование.

**Среден успех по пол: женски - 4,32 , машки- 3,98**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **Среден успех на одделението е : 4,17**<br>Изостаноци : оправдани 113, неоправдани /<br>Поведението на сите ученици е примерно.<br>Од вертикалниот преглед на постигањата на учениците за две учебни години 2020/2021 и 2021/2022 г. констатирано е дека општиот успех на учениците е зголемен и кај двата пола.<br>• Констатирано е дека постигањата на учениците се подобрени преку примена на современи наставни методи и техники, современи наставни средства (компјутери, лаптопи, ЛЦД-прожектор, смарт табла), преку редовно држење на додатна и дополнителна настава, почесто користење на индивидуализација во наставата, диференцирани задачи, со зголемување на соработка помеѓу наставниците како во одделенска така и во предметна настава, преку учество на натпревари,преку учество во проекти, посета на семинари, учество во разни културни и спортски манифестации, преку систематско следење на успехот на учениците, постојано добивање повратна информација од учениците со самооценување, консултативни разговори со психологот,педагогот, дефектологот сеопфатна соработката со родителите (почести средби, искрени разговори, почести анкети за да се ,,слушне,, мислењето на родителот за различни теми), како и примената на пофалби и награди кои се од големо значење за подобрување на постигањата на учениците.<br>• Училиштето тежнее кон постојано осовременување на наставата преку спроведување проекти и користење современи техники на учење и поучување. Училиштето води сметка при реализација на Еколошката програма , програмата за Меѓуетничка интеграција и програмата за Ненасилство подеднакво да бидат вклучени сите ученици, без разлика на пол и без разлика на нивните постигања . |
| **2.2** | **Задржување/осипување на ученици** | | |
| | Прегледани документи | Теми | Активности |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Програма за работа на училиштето<br>• Список на деца од реонот<br>• Анализа на опфатот (Психолошка служба)<br>• Полугодишен и годишен извештај<br>• Одделенски дневници<br>• Записницои од Одделенски и Наставнички совет<br>• Разговор со директор, психолог и наставници<br>• Записници од средби со родители и локална самоуправа<br>• Извештај од Психолошката служба<br>• Одделенски дневници и Главни книги (осипување-изостанување од настава)<br>• Увид во педагошката документација<br>• Евиденција на заминати или новодојдени ученици<br>• Разговор со психологот и наставниците | • Опфат на учениците:<br>• Редовност во наставата:<br>• Осипување на учениците:<br>• Премин на ученици од едно во друго училиште | • Училиштето добива списоци со училишни обврзници од МВР пред да започне запишувањето на учениците во прво одделение и има изградена политика за опфат на сите ученици.<br>• Опфатеноста на ученици од реонот е во целост. Училиштето ги опфаќа децата кои живеат или привремено престојуваат во реонот на училиштето. За да се запишат и задржат учениците во училиштето се превземаат различни мерки и тоа: се истакнуваат известувања за упис на првачиња во училиштето и низ целото место, (покани на оние што не одговориле на уписот,) ги информира и за потребните документи за упис во прво одделение, на веб страната на училиштето се покануваат родителите да ги запишат своите првачиња.<br>• Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците според полот, етничката припадност и социјалниот статус. Ги анализира причините за отсуство од наставата (оправдано и неоправдано отсуство) и навремено превзема конкретни активности преку соработка со родителите. Редовноста на учениците се следи преку евидентирање на отсуствата во дневниците на паралелката , на крајот на прво и трето тромесечие, на полугодие и на крај на учебната година и со истите ги запознава Одделенскиот, Наставничкиот , Советот на родители и Училишниот одбор.<br>• Се анализираат причините за отсуства, се применува интерниот правилник за изрекување педагошки мерки ( за учениците кои имаат над 10 неоправдани изостаноци).За учениците кои нередовно ја посетуваат наставата училиштето организира советување на родителите.Просечниот број на неоправдани изостаноци на учениците е на задоволително ниво, односно бележи подобрување во однос на предходните учебни години.<br>• По извршената анализа на податоците во период 2020/21 и 2021/22 год. се дојде до заклучок дека бројот на ученици што се осипуваат е мал и тоа вкупно 2 ученика. Причини за осипување се иселување од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | местото на живеење, заради обезбедување подобри услови за живот во семејството.<br>• За да се задржат учениците во училиште се превземаат следниве чекори: разговор на одделенскиот наставник со ученикот, разговор на ученикот со психолошката служба, известување на родителите преку родителски средби, индивидуални средби, разговор на родителот со психологот, педагогот и директорот.<br>• Училиштето ја почитува постапката за премин од едно во друго училиште со барање од страна на родителот, добивање согласност од училиштето кое го прифаќа ученикот , се издава преведница, евидентен лист за успехот на ученикот од полугодие и свидетелство на крај година , ученичка легитимација од страна на училиштето кое го испишува ученикот.Учениците кои се запишуваат и испишуваат во и од училиштето се евидентираат во дневникот на паралелката и главната книга. |
| **2.3** | **Повторување на учениците** | | |
| | Прегледани документи | Теми | Активности |
| | • Годишен извештај за успехот во период 2020/21 и 2021/22 год. (Психолошката служба)<br>• Увид во педагошката документација<br>• Разговор со учениците, родителите, наставниците и стручната служба<br>• Записник од Наставнички совет<br>• Закон за основно образование | Ученици кои не ја завршуваат годината: | По извршената анализа во периодот 2020/21 и 2021/22 г. во нашето училиште не се евидентирани ученици кои ја повторуваат учебната година. Нашето училиште го почитува правото на жалба од страна на учениците кои ја повториле учебната година. Со оваа процедура се запознаени учениците и родителите од страна на наставникот и психологот. |

| Методи кои се користени | **Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации** | Кои Информации се собрани |
|---|---|---|
| Анкетен лист за наставници | Тим на наставници од одделенска настава одговорни за ова подрачје | **Анкетирани се вкупно 26 наставника**<br><br>1. Наставникот стручно се усовршува преку посета на семинари и примена на проекти во училиштето.<br>25 responses<br><br>,,Наставникот стручно се усовршува преку посета на семинари и примена на проекти во училиштето,, 13 наставници ( 40%) одговориле Целосно се согласувам, 10 наставници<br>(33,3%) одговориле Се согласувам и 2 наставника (8%) одговориле Делумно се согласувам.<br><br>2. Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развој и континуирано го следи нивниот напредок.<br>24 responses<br><br>На прашањето,, Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>
ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок ,,<br><br>
18 наставници ( 75 %) одговориле Целосно се согласувам и 5 наставници ( 20,8 % ) одговориле Се согласувам .<br><br>

<br><br>
На прашањето ,, Применувам индивидуализиран пристап кон учениците со посебни образовни потреби избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби,, 16 наставници ( 64 %) одговориле Целосно се согласувам и 7 наставници ( 28 % ) одговориле Се согласувам.<br><br>

<br><br>
На прашањето ,, Соработката меѓу наставник – ученик – родител позитивно влијае на подобрување на успехот и дисциплината на
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците,, 12 наставници (63,6%) одговориле Целосно се согласувам и 12 наставници (33,9%) одговориле Се согласувам .   На прашањето ,, Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување,, 11 наставници ( 50 %) одговориле Поптполно се согласувам и 12 наставници ( 45,8%) одговориле Се согласувам . |

6. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резулати во одделни области како и индивидуализирана настава.

25 responses




На прашањето ,, Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава. 14 наставници (56 %) одговориле Целосно се согласувам и 11 наставници ( 44% ) одговориле Се согласувам .

7. Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонатлните и вертикалнотодвижењена учениците.

25 responses




На прашањето,,Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на

учениците,, 7 наставници ( 28 %) одговориле Целосно се согласувам, 15 наставници (60 %) одговориле Се согласувам и 3 наставник (12%) одговориле Делумно се согласувам.

8. Настваникот ги анализира причините за отсуство од настава (оправдано/неоправдано) и навреме превзема активности што обезбедуваат зголемување на редовноста.

25 responses




На прашањето ,, Наставникот ги анализира причините за отсуство од наставата ( оправдано и неоправдано) и навреме превзема активности што обезбедуваат зголемување на редовноста- 15 наставници ( 60 %) одговориле Целосно се согласувам и 10 наставници (40 %) одговориле Се согласувам .

9. Наставникот објективно ги оценува постигањата на учениците.

25 responses



| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето ,, Наставни ите,, 13 наставници (52%) одговориле Целосно се согласувам и 12 наставници (48%) одговориле Се согласувам . |
| • Анкетен лист за ученици | Тим на наставници | **Анкетирани се 30 ученика од кои 14 машки, 16 женски.**<br><br><br><br><br>На прашањето ,,Училиштето организира ученички натпревари,, 21 ученици(70%)одговориле Потполно се согласувам и 4 ученика ( 13.3% ) одговориле Се согласувам и 5 ученика (16,7) одговориле Делумно се согласувам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>На прашањето ,,Во нашето училиште се наградуваат поедници,одделенија,,16 ученици(53,3% ) одговориле Потполно се согласувам и 8 ученици(26,7%) одговориле Се согласувам и 3 ученика(10%) одговориле Делумно се согласувам и 3 ученика (10%) одговори ле Не се согласувам.<br><br><br>На прашањето,Учествувам во доплонителна настава, која се реализира во нашето училиште,, 19ученика(63,3%) одговориле Потполно се согласувам, 7 ученика(23,3%) одговорилеСе согласувам и 4 ученици (13,3%) одговориле Делумно се согласувам |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>



На прашањето,,Учествувам во додатна настава, која се реализира во нашето училиште“, 19 ученици(63,3%) одговориле Потполно се согласувам, 6 наставник (20 %) одговориле Се согласувам и 4 ученика (13,3%) одговориле Делумно се согласувам.




На прашањето,,Наставниците имаат индивидуализиран пристап со надарени ученици, ученици кои имаат потешкотии во учењето и со ученици со посебни образовни потреби ,,-16 ученика(53,3 %) одговориле Потполно се согласувам, 9 ученика (30 %) одговориле Се согласувам и 3 ученик (10%) одговориле Делумно се согласувам.
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>На прашањето „Стручната служба секогаш им е достапен на деца кои имаат потреба од помош и совет,,18 ученика (60%) одговориле Потполно се согласувам, 5 (16,7 % ) одговориле Се согласувам, 4 ученика (13,3%) одговориле Делумно се согласувам и 3 (10 % ) одговориле Не се согласувам.<br><br><br>На прашањето ,,Задоволен сум од начинот на оценување на наставниците,, 17 ученика (56,7%) одговориле Потполно се согласувам, 9 ученика ( 30%) одговориле Се согласувам и 4 ученика (13,3%) одговориле Делумно се согласувам. |
| Прашалник за родителите | Тим на наставници | **Анкетирани се вкупно 30 родитела од кои 3 машки и 27 женски.** |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>
1. ПОЛ

30 responses




2. Училиштето ги препознава надарените ученици, редовно го следи нивниот напредок и информира за истиот.

30 responses




На прашањето,,Училиштето ги препознава надарените ученици, редовно го следи нивниот напредок,, - 10 родители (33,3%) одговориле Целосно се согласувам, 10 родители (43,3 %) одговориле Се согласувам, 5 родители (16,7%) одговориле Делумно се согласувам и 5 родител (16,7%) одговориле Не се согласувам.
</td>
</tr>
</table>

3. Училиштето ги препознава учениците кои имаат тешкотии во учењето, редовно го следи нивниот напредок и информира за истиот.

30 responses




На прашањето,,Училиштето ги препознава учениците кои имаат тешкотии во учењето и редовно го следи нивниот напредок и информира за истиот,, - 10 родители (33,3%) одговориле Целосно се согласувам, 10 родители (43,3 %) одговориле Се согласувам, 5 родители (16,7%) одговориле Делумно се согласувам и 5 родител (16,7%) одговориле Не се согласувам.

4. Училиштето ги препознава учениците со пречки во развој, редовно го следи нивниот напредок и редовно информира за истиот.

30 responses




На прашањето,,Училиштето ги препознава учениците кои имаат пречки во развојот и редовно го следи нивниот напредок и информира за истиот,, - 10 родители (33,3%) одговориле Целосно се согласувам, 10 родители (43,3 %) одговориле Се согласувам, 5 родители (16,7%)

одговориле Делумно се согласувам и 5 родител (16,7%) одговориле Не се согласувам.




На прашањето,,Училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето“. 12 родители (40%) одговориле Целосно се согласувам, 9 родители (30%) одговориле Се согласувам , 2 родители ( 6,7 %) одговориле Делумно се согласувам и 7 родители (23,3%) одговориле Не се согласувам.




На прашањето,,Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците - 9 родители (30%) одговориле Целосно се согласувам ,10 родители

(33,3% ) одговориле Се согласувам, 8 родители(26,7%) одговориле Делумно се согласувам и 3 родители (10 %) одговориле Делумно се согласувам .




На прашањето ,, Училиштето соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата,,10 родители (33,3%) одговориле Целосно се согласувам ,12 родители (40%) одговориле Се согласувам, 4 родители (13,3%) одговориле Делумно се согласувам и 4 родители (13,3%) одговориле Не се согласувам .




На прашањето ,,Редовно сум информиран за постигањата на моето дете,, 12 родители (40 %) одговориле Целосно се согласувам , 12 родители (40 %) одговориле Се согласувам, 3 родители (10%) одговориле Делумно се согласувам и 3 родители (10%) одговориле Не се согласувам .

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>На прашањето ,,Родителот превзема навремени мерки со цел ученикот да не ја повтори годината,, 14 родители (46,7%) одговориле Целосно се согласувам, 12 родители (40%) одговориле Се согласувам, 7 родители (10%) одговориле Делумно се согласувам . |

**Самоевалуација на училиштето: Наум Охридски – с. Булачани** **Подрачје – Постигања на учениците**

Резултати:

Клучни јаки страни:

- Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби и планираат активности соодветни на нивните индивидуални потреби, кои се реализираат во редовната, додатната и дополнителната настава.
- Часовите за дополнителна настава придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците.
- Има подобрување на општиот успех на училиштето.
- Во училиштето се врши евиденција на неоправданото отсуство од наставата.
- Сите ученици независно од полот, етничка припадност и социјално потекло се еднакво подложни на воспитување од училиштето.
- По завршувањето на секој класификационен период се врши споредување на успехот со претходните две учебни години.
- Постои соработка со родителите, стручните соработници и Заводот за ментално здравје во работата со децата со посебни потреби.
- Постои изградена политика на опфат на учениците и за тоа се преземаат соодветни активности.
- Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на нивните деца.
- Родителите се поттикнуваат на соработка со наставниците со цел следење на напредокот и редовноста на учениците.
- Во училиштето редовно се води и даваат информации до родителите преку Е-дневник.

- Се води континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците .
- Активно се учествува на натпревари и конкурси и се постигнуваат солидни резултати.
- Успешно промовирање на училиштето преку Web и Facebook профилот на училиштето , како медиум за промоција на училиштето.

Слабости:

- Наставниците се соочуваат со потешкотии при оценувањето на учениците со посебни образовни потреби.

**Самоевалуација на училиштето: Наум Охридски – с. Булачани** **Подрачје – Постигања на учениците**

**Анализа на резултатите:**

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите класификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години(2020/21 и 2021/22год.)

Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности.Месечно се изработува распоред за реализација на овие програми. Има подобрување на општиот успех на училиштето. Стручниот тим ( психолог , педагог и дефектолог) во континуитет ги следи учениците со потешкотии во учењето, а и оние со посебни образовни потреби. Нивните постигањата се вреднуваат согласно индивидуалниот оперативен план и целите во изготвените оперативни планови за работа со овие ученици.

Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот и со посебни идентификациони листи.

Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците , прави анализа и споредба на успехот и поведението на секое тримесечие, изработува полугодишен и годишен извештај за својата ртабота.

Наставниците редовно ги бележат постигањата на учениците и даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката со детални препораки за подобрување на постигањата на ученикот. Родителите се поттикнуваат на соработка со наставниците со цел следење на напредокот и редовноста на учениците.

Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, дневникот на паралелката, евидентните листови на секое тримесечие и свидетелствата. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за учество на ученикот во воннставни активности во училиштето.

Учениците со индивидуални посебни потреби во нашето училиште се прифатени и се вложуваат напори тие успешно да се интегрираат. Во училиштето постои посебен тим за работа со ученици со индивидуални посебни потреби.Тимот го сочинуваат

| |
|---|
| психолог, педагог, дефектолог, директор, наставници и родителите. Учениците се идентификуваат од страна на наставниците и педагошко – психолошката служба , а по потреба се соработува и со Заводот за ментално здравје.<br>Сите ученици го завршуваат образовниот циклус, бројот на ученици што се осипуваат е мал.<br>Во периодот 2020/21 и 2021/22 г. во нашето училиште нема ученици кои ја повториле учебната година. |
| **Идни активности:**<br>Идни активности:<br>➢ Планирање активности за поддршка на наставниците при оценување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби. |

Изработиле:

Елена Максимовска

Весна Јовановска

Биљана Белогаска

Александра Мирчевска

| **Самоевалуација на училиштето: ООУ ,,Наум Охридски, с. Булачани** | **Подрачје 3 :Учење и настава** |
|---|---|

Оддели во рамките на подрачјето:

**3.1 Планирања на наставниците**
• Поддршка и следење на планирањата на наставниците
• Индивидуални планирања на наставниците
• Размена на искуства и на информации при планирањето
• Распоред на часови
**3.2 Наставен процес**
• Наставни форми и методи
• Употреба на ИКТ во наставата
• Избор на задачи, активности и на ресурси
• Приодот на наставникот кон учениците
• Интеракција меѓу наставниците и учениците
• Следење на наставниот процес
• Изведување практична обука на учениците кај работодавачите
**3.3 Искуства на учениците од учењето**
• Средина за учење
• Атмосфера за учење
• Поттикнување на учениците за преземање одговорност
• Интеракција на учениците меѓу себе
• Учење во реални работни услови кај работодавач
**3.4 Задоволување на потребите на учениците**
• Идентификување на образовните потреби на учениците
• Почитување на различните потреби на учениците во наставата
**3.5 Оценувањето како дел од наставата**
• Училишна политика за оценување
• Методи, форми и инструменти на оценување
• Користење на информациите од оценувањето во наставата
**3.6 Известување за напредокот на учениците**
• Известување на родителите за напредокот на учениците

**Тим за спроведување на активностите:**

Билјана Личкова(наставник по одделенска настава) - *координатор на тимот*

Љупка Богдановска (предметен наставник) - *член*

Весна Димитровска(предметен наставник) - *член*

Оливера Тушевска Столеска(наставник по одделенска настава) - *член*

| Бр | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| **3** | **Учење и настава** | | |
| **3.1** | **Планирање на наставниците** | | |
| | Прегледани документи | Теми | Активности |
| | ➢ Годишни, тематски планирања и дневни подготовки<br>➢ Евидентни листови за следење на планирањата на наставниците<br>➢ Записници од состаноците на стручните активи<br>➢ Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час<br>➢ Распоред на часови | ➢ Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>➢ Индивидуални планирања на наставниците<br>➢ Размена на искуства и информации при планирањето<br>➢ Распоред на часови | ➢ Сите наставници имаат изработени годишни и тематски планирања и дневни подготовки кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на наставниот час. Во планирањата се вметнати целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.<br>➢ При оценувањето се користат различни методи за формативно и сумативно оценување почитувајќи ги критериумите и стандардите.<br>➢ Учениците се вклучени во оценувањето преку самооценување,меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија.<br>➢ Учениците и родителите се редовно и навремено информирани за напредокот во наставата.<br>➢ Во планирањата успешно се имплементирани содржините од ОХО проектот, проектот за намалување на насилството во училиштата, МИО проектот, примената на ИКТ во наставата, содржини од ПЕП проектот и Проектот за антикорупциска едукација.<br>➢ Наставата се реализира со различни интерактивни методи со цел да се поттикне активно учество на сите ученици.<br>➢ Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и/или од стручната служба.<br>➢ Наставниците во рамките на стручните активи разменуваат искуства и идеи за планирањето и одржувањето на наставата и организираат заеднички активности, предавања, презентации и проекти поврзани со наставниот процес.<br>➢ Се применува успешна регионална соработка со други училишта и консултирање со експерти.<br>➢ Распоредот на часови го прави одговорно лице во соработка со наставниците, почитувајќи го најдобриот интерес на детето.<br>➢ Се планира и реализира додатна и дополнителна настава и воннаставни активности. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ➢ Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава, слободни часови/проектни активности и истиот се реализира според предвидената динамика.<br>➢ Примената на различни методи на интеракција на релација наставник- ученик,допринесува за градење доверба и позитивна работна атмосфера која исклучува полова,социјална,етничка и религиска дискриминација. |
| 3.2 | **Наставен процес** | | |
| | Прегледани документи | Теми | Активности |
| | ➢ Годишни, тематски, дневни планирања<br>➢ Програма за работа на директор/стручна служба;<br>➢ Анкети/Интервјуа со наставници и ученици<br>➢ Записници од стручен активив;<br>➢ Увид на час;<br>➢ Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час, за следење и вреднување на изведбата на наставниот час, за следење и вреднување на водењето и текот на наставниот час;<br>➢ Инструмент за следење и вреднување за воспоставување клима во паралелката;<br>➢ Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот | ➢ Наставни форми и методи<br>➢ Интеракција меѓу наставници и ученици<br>➢ Приод на наставникот кон учениците<br>➢ Следење на наставниот процес<br>➢ Употреба на ИКТ во наставата<br>➢ Избор на задачи, активности и ресурси | ➢ Во наставата најчесто се користат разновидни наставни форми и методи за работа со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка, кои соодвествуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење.<br>➢ Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) понекогаш е прилагоден на индивидуалните образовни потреби и возраста на учениците, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата, а учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера.<br>➢ Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, неограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и дополнителна приречна литература.<br>➢ Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето.<br>➢ Се користат различни методи на интеракција со учениците што се во насока на промовирање на учењето и градење на довербата меѓу наставниците и учениците, взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. При тоа не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност.<br>➢ Наставниците успешно ги развиваат вештините за соработка. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени, при тоа наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците (преку пофалби кога е тоа соодветно).<br>➢ Постои пракса на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за оценувањето на напредокот на учениците;<br>➢ Инструмент за следење и вреднување на комуникацијата на наставникот со учениците. | | ➢ Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од директорот или стручната служба.<br>➢ Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес. |
| 3.3 | **Искуства на учениците од учењето** | | |
| | Прегледани документи | Теми | Активности |
| | ➢ Анкета за ученици;<br>➢ Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците;<br>➢ Увид во ученички досиеја;<br>➢ Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>➢ Програма за работа и извештаи на ученичката заедница | ➢ Средина за учење<br>➢ Атмосфера за учење<br>➢ Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>➢ Интеракција на учениците меѓу себе | ➢ Учениците сметаат дека различните приоди во наставата придонесуваат училиштето да се доживува како стимулативна,инклузивна и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење.<br>➢ Во училиштето постои пракса трудовите на учениците да се изложуваат на видни и соодветни места кои редовно се менуваат, согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд.<br>➢ Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието.<br>➢ За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Голем дел од наставниците не ги  критикуваат учениците пред други ученици или возрасни.Сите ученици учествуваат во активностите за време на часот.<br>➢ Сите ученици се активно вклучени во различни проекти ,според нивните способности и интереси<br>➢ Интеракција на учениците при изработка на проекти<br>➢ Училиштето преку организирани посети, екскурзии, базари и други активности поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето во кои учениците и возрасните заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. |

| 3.4 | **Задоволување на потребите на учениците** | | |
|---|---|---|---|
| | Прегледани документи | Теми | Активности |
| | ➢ Анкета за ученици;<br>➢ Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците;<br>➢ Увид во ученички портфолија;<br>➢ Увид во евиденцијата на стручната служба;<br>➢ Програма за работа и извештаи на ученичката заедница | ➢ Идентификување на образовните потреби на учениците<br>➢ Почитување на различните потреби на учениците во наставата. | ➢ Наставниот кадар и стручната служба ги препознава образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик, но се преземаат соодветни активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.<br>➢ Дел од наставниците во процесот на поучување користат различни техники со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат.<br>➢ Во оценувањето наставниците користат различни техники со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум. |
| 3.5 | **Оценувањето како дел од наставата** | | |
| | Прегледани документи | Теми | Активности |
| | ➢ Програма за работа на училиштето;<br>➢ Стандарди за оценување;<br>➢ Увид во педагошка евиденција и документација;<br>➢ Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, листи за проверка, бодовни листи);<br>➢ Записници од стручни активи, наставнички совет,<br>➢ Анкети/Интервјуа со ученици и наставници.<br>➢ Анкети и интервјуа со родители;<br>➢ Кодекс на оценување | ➢ Училишна политика за оценување<br>➢ Методи и форми за оценување<br>➢ Користење на информации од оценување во наставата | ➢ Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.<br>➢ Училиштето има Кодекс за оценување чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Наставниците имаат критериуми и стандарди за оценување со кои учениците и родителите се запознаени.<br>➢ Наставниците посетуваа обука за формативно и сумативно оценување по што применуваат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците.<br>➢ Наставникот ги оценува постигањата на учениците со пречки во развојот согласно изготвениот ИОП.<br>➢ Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.<br>➢ Учениците сметаат дека се доволно вклучени во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.) .<br>➢ Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ➢ Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците | | ➢ дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата ,при што голем акцент се става на вреднување на тековните постигања на учениците.<br>➢ Наставниците ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето и за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. |
| 3.6 | **Известување за напредокот на учениците** | | |
| | Прегледани документи | Теми | Активности |
| | ➢ Увид во педагошка евиденција и документација;<br>➢ Анкети и интервјуа со родители;<br>➢ Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;<br>➢ Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците | • Известување на родителите за напредокот на учениците | ➢ Училиштето има утврден систем за известување на родителите(Е-дневник и евидентни листови) за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, во која се вклучени и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно.<br>➢ Се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите.<br>➢ Родителите на учениците од прво до шесто одд.(од 4 до 6 одд.само во првото и третото тромесечие) добиваат пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето, а евидентните листови за повисоките одделенија не содржат такви информации.<br>➢ Од родителите се бара редовно да дадат своја повратна информација по извештајот за да се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца. |

Самоевалуација на ООУ Наум Охридски, Булачани, период:2020-2022
АНКЕТЕН ЛИСТ ЗА РОДИТЕЛИ
(34 родители : 28 женски и 6 машки)







| Реден број | Прашања | Потполно се согласувам | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Училиштето го сметам како безбедна ,стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина што поттикнува интерес за учење.  | 55,9% -19 | 35,3%-12 | 8,8%-3 | / |
| 2 | Училишниот простор е естетски уреден ,а визуелните и материјали и пишаните содржини во него го отсликуваат и мултикултурниот карактер. | 50%-17 | 47,1%-16 | 2.9%-1 | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| |  | | | | |
| | • **Педагошка евиденција за изречените педагошки мерки.**<br>• **Статут на училиштето, куќен ред на училиште.**<br>• **Правилник за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците.**<br>• **Ученичка заедница и ученички парламент.** | • ***Кодекс на однесување***<br><br>• ***Училишна клима*** | свест. Преминот во училишната зграда е соодветен со скали и со наклон кој соодветствува на потребите на лица со физички недостаток.Редовно се бојадисува и се одржува хигиената на највоско ниво.<br>-Училиштето во ***с.Раштак***<br>Во ова училиште функционираат две паралелки за кои има соодветни услови за непречено одвивање на наставата. Дворот е со високи стандарди за еколошки, здрав и природен изглед соодветен на потребите на децата-учениците. Во една училница има електронска табла и истата координирано ја користат наставниците. Дворот е уреден со цветна градина која редовно се одржува од страна на служителите, а во истата учествуваат и учениците поттикнувајќи ја својата еколошка свест. Преминот во училшната зграда е соодветен со скали и со наклон кој соодветствува на потребите на лица со физички недостаток.<br>- Училиштето во ***с.Цршево*** ги задоволува сите потреби на учениците и се вбројува во училиште со високи стандарди. Притоа се обезбедија нови компјутери кои се заменија со веќе дотрајани и оштетени. Дворот е уреден со цветна градина која редовно се одржува од страна на служителите, а во истата учествуваат и учениците поттикнувајќи ја својата еколошка свест. Преминот во училшната зграда е соодветен со скали и со наклон кој соодветствува на потребите на лица со физички недостаток.Сетоа тоа позитивно влијае врз позитивната клима за успешна соработка и работа на сите внатрешни и надворешни субјекти (наставници, ученици, родители, локална самоуправа, МОН, БРО)<br><br>Кодексот претставува инструмент за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес за развивање на културните односи, здрави меѓучовечки односи и развивање на свеста на учениците. Однесувањето е наш патоказ и водич во воспитно-образовната работа. Во училиштето има кодекс на однесување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | изготвен и усвоен од страна на сите структури во училиштето.Кодексот содржи етички правила, норми за однесување на учениците, вработените, родителите. Кодексот е етика која не потсетува и води во светот на хуманоста, соработката и успешната соработка.<br><br>Климата претставува значаен услов за успешна целисходна, продуктивна и среќна работа.<br>Училишната клима е на задоволително ниво. Таа се согледува во соработка со наставниците и учениците и меѓусебната соработка, комуникација меѓу самите наставници во образовниот процес.<br>Односите меѓу учениците од ист и различен пол се исполнети со меѓусебно почитување, толеранција и помагање.Односите меѓу учениците со различни способности и пречки во развојот се базираат на меѓусебно почитување но има извесни ситуации во кои има некоректен однос на ученици кон учениците од пониски социјални структури или пак учениците со посебни потреби. За да може овие ученици да не се чувствуваат повлечени и несигурни, наставниците обрнуваат поголемо внимание.<br>Секој ден во училиштето има одговорни дежурни наставници кои се грижат за дисциплината и безбедноста на учениците за време на одморите и функционира обезбедување во временскиот период од 07:00 до 18:00 часот, во деновите во кои се изведува настава и кога има присуство на наставници и ученици во училиштето. Во училиштето во текот на учебната година се спроведуваат активности за спречување на насилно однесување на учениците, постојат видео камери и во соработка со полицијата и службата за малолетни деликвенции се организираат предавања и трибини. Во соработка со МВР, Локалната заедница, невладините организации и Локалната самоуправа, училиштето спроведува работилници и предавања на теми за спречување на користење на алкохол, дрога и други |

- ***Поведение и дисциплина во училиштето***

опојни супстанции. Училиштето има забрана за пушење и консумирање на алкохол и опојни средства, што подразбира дека секоја ваква појава во училиштето строго се санкционира. На часовите на класните раководители, учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци и се водат разговори за да се утврди нивниот став околу овие теми. Во училиштето нема организирана кујна,но има редовен ладен оброк кој е свеж и навремено доставен од соодветната фирма.Редовно се врши едукација на учениците за консумирање на здрава храна во рамките на редовните наставни содржини.Во услови на Ковид пандемијата организираниот оброк не се извршуваше поради хигиенски и здравствени протоколи и причини за безбедност и спречување на  Ковид 19.

Проблемите во врска со поведението и дисциплината се во постојан надзор со цел за нивно подигнување на повисок степен и развој на учениците. Изостанувањата најчесто се од оправдани причини, болест, лоши временски услови и сл. Нема појава на бегање од часови или е тоа многу ретко.

| Учебна година | период | одделение | пол | Причина |
|---|---|---|---|---|
| **2020-2021** | **1 тримесечје** | / | / | / |
| **2020-2021** | **1 полугодие** | / | / | **/** |
| **2020-2021** | **3 тримесечје** | / | / | / |

- ***Учество на учениците во донесување одлуки и решавањето проблеми***

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2021-2022** | **1 триемесечје** | / | / | / | / | |
| **2021-2022** | **1 полугодие** | / | / | / | / | |
| **2021-2022** | **3 тримесечје** | / | / | / | / | |

Постои Правилник за изрекување на педагошки мерки со кој се регулира
поведението и изостанувањето на учениците. Оваа година сите ученици се со примерно поведение - 365 ученика.

Училиштето делува како самостоен субјект. Учениците учествуваат и ги истакнуваат своите афинитети, желби и талент. Се организираат спортски натпревари, ликовни изложби, изложби на ученички творби, одделенски и меѓуодделенски натпревари, учество на општински натпревари, слободни ученички активности во кои учениците ги истакнуваат своите афинитети, креативност, желби , интереси и др.Се организираат и слободни ученички активности - каде се промовираат училишните воспитно-образовни афинитети, вештини и знаења на учениците.
Исто така се организира додатна и дополнителна настава. Редовно се реализираат стручните активи кај предметните и одделенските наставници и се согледуваат новитетите и постигнувањата кај наставниците и учениците. Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење,што е воедно во согласност со целите на државата и

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | локалната образовна политика. Пристапот на учење е соодветен на потребите, интересите и возраста на учениците, се поттикнуваат вештини на самостојно учење. Во изминатиот период беше зголемена соработката со родителите со цел да се следи напредувањето на учениците и да се откријат причините за изостанување од наставата. Во училиштето се негува демократски дух на однесување. Училиштето ги поттикнува учениците за вклучување во воннаставни активности. Во училиштето постојано се промовираат јасни правила на однесување. Изминатите години приоритетно беше воспитување и образување на учениците преку подигнување на еколошката свест, зголемување на одговорноста на учениците, намалување на отсуствата од часови и подигнување на квалитетот на наставата со примена на интерактивна настава и примена на ИКТ во реализацијата на наставните содржини. Училиштето е вклучено во програмата “Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем”. Училиштето активно учествуваше во „Програмата за унапредување на образованието за животна средина и климатски промени“ имплементирана од Здужението на Граѓани на Еко Логик подржана од УНИЦЕФ и Шведската Агенција за Меѓународна Соработка (Sida) со активности кои се однесуваат на заштита на животната средина и климатски промени.<br>Ученичкиот парламент активно работи со учество на 19 членови ученици кои учествуваат во споделување на мислења, понуди на изработка на нови проекти, организирање на хумани активности и сл. Членовите на парламентот земаат активно учество во донесувањето на одлуки во рамките на Наставничкиот совет, Училишниот одбор. |
| **5.2** | Промовирање на постигањата | | |
| | Прегледани документи | Теми | Активности |

- **Годишна програма за работа на основно училиште.**
- **Наставни планови и програм.**
- **Програма за одделенски час.**
- **Дневник на психологот.**
- **Записници од наставнички совет.**

- ***Промовирање на личните постигања на учениците***

На наставниците им се инструира (индивидуално или на наставнички совет) да ги почитуваат принципите за еднаквост и правичност во однос на сите ученици. Училиштето постојано работи на создавање на позитивна клима преку различни слогани истакнати во училиштето, реализација на теми на одделенски час, презентации на стручни активи со таа тематика.

Во училиштето имаме ученици со различни психофизички способности како и ученици со пречки во развојот.

Учениците од нашето училиште посетуваат разни вонредни активности по своја желба во разни друштва КУД, фудбалски клуб, карате клуб, и се активни членови на истите преку кои се промовираат нивните способности.

| **Учебна година** | **Освоено место** | **општинско** | **регионален** | **државен** | **меѓународен** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2020/2021** | прво место | | Географија -1 | | Ликовно -2 |
| | Второ место | | Хемија-1 | | |
| | трето место | Математика-2<br>Хемија-1 | Математика-1<br>Природни науки-1 | Хемија -1 | |
| **вкупно** | | **3** | **4** | **1** | **2** |

| **Учебна година** | **Освоено место** | **општинско** | **регионален** | **државен** | **меѓународен** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2021/2022** | прво место | Футсал-женски-1<br>Географија-3<br>(**полугодие**) | Географија-3 | | |
| | Второ место | Футсал –машки -1<br>Географија-5<br>**(полугодие)** | Футсал-женски-1<br>Географија-4 | | |
| | трето место | Ракомет-женски-1<br>Географија-3<br>(**полугодие**) | Географија-1 | Географија-1 | |

На Регионалниот натпревар по биологија учествуваа 8 ученици Наум Охридски, с. Булачани и тоа 4 од седмо, 2 од осмо и 2 од деветто о кои ги остварија следниве резултати.

| Бр. | Име и презиме | Одделение | Освоени поени | Освоено место | Пла на |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Марија Трајковска | IX-а | 31/50 | трета награда | |
| 2 | Матеја Милчевска | IX-б | 17/50 | учество | |
| 3 | Драгана Трајковска | VIII-а | 22/50 | пофалница | |
| 4 | Бојан Јовчевски | VIII-б | 22/50 | пофалница | |
| 5 | Ангела Ѓорѓиевска | VII-а | 26/40 | втора награда | |
| 6 | Александар Трајковски | VII-а | 19/40 | трета награда | |
| 7 | Калина Илиевска | VII-б | 26/40 | втора награда | |
| 8 | Драгана Смилковска | VII-б | 18/40 | трета награда | |

**НАГРАДИ НА НАТПРЕВАРИ – 2 полугодие**

| Освоено место | општински | регионален | државен | меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| 2 | | | | Флора и фауна – Драгана Трајковска |
| 3 | Математика – Ангела Ѓорѓиевска Софија Насковска | | | |
| 1 | Самостоен труд по македо.јазик – Мартина Богдановска | | | |
| 2 | | Мила Здравковска – природни науки Ангела Ѓорѓиевска , Калина Илиевска - биологија | | |
| 1 | Ангела Ѓорѓиевска - географија | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | • ***Промовирање на постигањата во име на училиштето*** | **ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА УЧЕНИЦИ ОД ООУ „НА ОХРИДСКИ“ НА ОПШТИНСКИ И ЗОНСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ПРОЕКТИ ВО УЧЕБНАТА 2021-2022 ГОДИНА**<br><br>На ден 02.11.2021 год. во организација на ОСУС Гази Баба во соработка СУС Скопски регион и ФУСМ се одиграа општински училишни квалифика натпревари во футсал - машки, на кој зеде учество и нашето училиште и освои **II место**.<br><br>На ден 16.11.2021 год. во организација на ОСУС Гази Баба во сораб СУС Скопски регион и ФУСМ се одиграа општински училишни квалифик натпревари во Кошарка - девојчиња, на кој зеде учество и нашето учили<br><br>На ден 26.11.2021 год. во организација на ОСУС Гази Баба во сораб СУС Скопски регион и ФУСМ се одиграа општински училишни квалифик натпревари во футсал - девојчиња, на кој зеде учество и нашето училиш освои **I место** и стекна учество на зонско натпреварување.<br><br>На ден 24.11.2021 год. во организација на ОСУС Гази Баба во сораб СУС Скопски регион и ФУСМ се одиграа општински училишни квалифик натпревари во Ракомет - девојчиња, на кој зеде учество и нашето учил го освои **III место** и стекна учество на зонско натпреварување.<br><br>Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава социјална клима во училиштето како меѓу учениците така и меѓу наставниците и учениците без разлика на пол или различност во способностите низ секојдневната редовна настава , соодветни разговори со директор, психолог, родители, одделенски раководители, реализација на воспитни теми од оваа област. Составен дел на постигнувањата на училиштето се сите елементи потребни за реализација на воспитно - образовниот процес, поткрепени со јасната мисија и визија на училиштето, целите, задачите и активностите на евалуацијата,стекнување на применливи знаења - примена на современа образовна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | технологија - следење на трендовите и модернизацијата на образованието преку стручно и професионално усовршување на наставниот кадар и стручните соработници - подигање на еколошката свест кај учениците - создавање услови за изведување на современа и квалитетна настава.Сите приоритетни области кои се обработени во развојниот план потекнуваат од проценката на состојбата во училиштето. Во нив се презентирани носителите на активностите, чекорите и времето на реализација. Сите вработени во училиштето се информирани за поставените цели , динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. Позитивните придобивки се резултат на стручност, професионалност и ангажираност. Постигнатите резултати се видливи во последните две учебни години. |
| **5.3** | Еднаквост и правичност | | |
| | Прегледани документи | Теми | Активности |
| | • **Одделенски дневник.**<br>• **Програма за одделенски час.**<br>• **ЗОО и Статут на училиштето-Евиденција на ученици за слободните ученички активности.**<br>• **Прирачник за детски права.** | • ***Познавање на правата на децата*** | Потребата од заштитата на правата на децата произлегува од фактот дека тие претставуваат високо ранлива општествена група која што лесно може да биде изложена на злоупотреба и насилство. Согласно ООН, децата се изложени на насилство, експлоатација, виктимизација од страна на возрасните секојдневно но и на глад, болести и недостаток на социо-економски услови за здрав и активен живот во државите кои се сметаат за сиромашни или пак држави во развој. Во нашето училиште посебно внимание се посветува на запознавањето на учениците со правата на децата. Наставниците го постигнуваат тоа на оделенските часови како и во некои проекти и воннаставни активности.За да обезбеди еднаквост и правичност за сите ученици, вклучувајќи ги машките и женски деца, учениците со посебни образовни потреби ,училиштето се ангажира за промовирање на правата на децата, води грижа за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • **Заведени разговори со ученици.**<br>• **Анкета**<br>• **Годишна програма за работа на училиштето.**<br>• **Годишен извештај на училиштето.**<br>• **Записници од Совет на родители.**<br>• **Годишна програма за работа на училштето, Записници од Училишен одбор.** | • ***Еднаков и правичен третман на сите ученици***<br><br>• ***Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот*** | запазување на кодексот на однесување, соработка со психологот.<br>Учениците се запознаени со своите права од страна на наставниците и стручните соработници. Исто така и родителите се запознаени со правата на децата. Училиштето преку работилници,предавања, дебати итн. ги информира учениците за правата на децата и човечките права. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Наставниците и педагошко-психолошката служба во училиштето ги потикнува учениците да ги практикуваат своите права и исто така им укажува како да се заштитат од нарушување на нивните права. Учениците преку предавања од психолошко-педагошката служба и од локалната заедница, се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштето. Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност и социјалното потекло на учениците. Големиот број на активности во училиштето во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието покажуваат за еднаквоста и правичноста кон учениците. Училиштето соработува со локалната заедница ,која преку свои служби одржува различни предавања за насилство,дискриминација односно ги запознава учениците со нивните права и им овозможува да ги практикуваат. Во училиштето се образуваат ученици од различен пол а се образуваат за различна етничка припадност- во контекст на изведба на часови од МИО и посета на партнер училиштето кои имаат еднаков и правичен третман од страна на вработените во училиштето.<br>Вработените во училиштето ги почитуваат и постапуваат подеднакво кон сите ученици без разлика на нивната родова, етничка и верска припадност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Води политика на позитивно вреднување на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата и родителите од страна на наставниците и психологот.<br>Преку воннаставните активности кои ги организира училиштето и наставниците се овозможува подеднаков пристап за објективно согледување и вреднување на можностите, способностите и знаењата на учениците.<br>Во соработка со нашиот партнер училиште кое е со ученици од друга етничка припадност, различна од нашата, се постигнува голем позитивен развој и продлабочување на интересот кај нашите ученици за се поголема соработка, дружење и откривање на сите можни начини на живот кои групата ги носи сама за себе.<br>Учениците приоѓаат со голема доверба, заинтересираност и почит кон своите соученици од друга етничка припадност и сето тоа по голема заслуга на постојаните топли, етички и културни наметнувања и влијанија од страна на нашиот наставнички професионален кадар.<br>Се настојува учениците да бидат воспитувани во духот на мултикултурализмот да ги почитуваат сите етнички заедници. Учениците учат да ја почитуваат сопственоста и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р.Македонија. Тоа се прави на одделенските часови, како и на часовите по одредени предмети, како историја, странски јазици, географија и други предмети и со постојани однапред планирани средби со однапред испланиран план и програма во договор со партнер училиштето.<br>Сета таа позитивна дружељубива и професионална клима наставниците од двете групи успешно ја пренесуваат на своите ученици. |

| 5.4 | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловна заедница | | |
|---|---|---|---|
| | Прегледани документи | Теми | Активности |
| | • **Програма за работа на Советот на родители.**<br>• **Програма за родителски состаноци Годишна програма на училиштето.**<br>• **Записници од состаноците на -Советот на родители.**<br>• **Записници од родителски средби во училишни дневници.**<br>• **Брошура за родители и ученици.**<br>• **Деловник за работа на советот на родители.**<br>• **Јавно културни манифестации.**<br>• **Полугодишен и годишен извештај.**<br>• **Училишни дневници.**<br>• **Анкети за наставници** | • **Сработка на училиштето со родителите** | Родителите се вклучени во образованието на своите деца преку родителски средби, каде се информираат за успехот и поведението на своите деца.<br>Исто така родителите се вклучени преку Совет на родители кој работи со своја програма, дава предлози, мислење и сугестии за подобрување на<br>воспитно-образовната работа, се информира за училишните активности и планови во текот на годината. Исто така родителите имаат свои претставници во Училишен одбор преку што се вклучени во управувањето на училиштето.<br>Родителите се вклучени во работата на училиштето и преку индивидуални средби. Преку едукативни работилници и презентации ги поттикнуваме да се вклучат во животот и работата на училиштето.<br>Во училиштето се планирани активности за вклучување на родителите во училишниот живот. Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во животот на училиштето преку редовни родителски средби преку советот на родители; преку реализација на програмата „Соработка со родителите”,преку разни јавно културни манифестации;спонзорства; и индивидуални посети при што родителите добиваат исцрпни информации за поведението, редовноста и успехот на нивното дете.<br>Подетални информации за работата на училиштето се дава на Советот на родители, Училишниот одбор, родителски средби за постигнатите резултати, пофалби, изречени педагошки мерки, информации за разни зафати во училиштето како што се поправките, реновирање, набавка на нов инвентар, нагледни средства и сл.,и преку индивидуални средби при што родителите добиваат подетални индивидуални информации за работата на училиштето.<br>Организирани се приемни денови од страна на наставниците за родителите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ученици, родители.** | • **Соработка со локалната заедница**<br><br>• **Соработка со деловната заедница и граѓанскиот сектор** | Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето.<br>Училиштето настојува да соработува со правни и физички лица од локалната заедница и локалните власти, а сето тоа се одвива согласно Законот за основно образование Планирани се активности за ангажирање на училиштето во локалната средина. Училиштето има постојана и добра соработка со локалната заедница од што произлегува вклучување во различни проекти, каде што заеднички се решаваат различните проблеми на кои наидува училиштето во текот на своето работење.<br>Преку постојана соработка и навремена реализација на проектите вклучени сме и во најзначајниот проект за заштита на нашата средина, заштита на планетата Земја се изведуваат разни еколошки активности и истите се промовираат.<br>Се организираат посети на музеи, телевизиски куќи, фабрики, саеми, амбасади, здравствени организации и сл.<br>Училиштето зема активно учество во сите активности како што се:<br>- Различни предавања од областа на здравствената едукација и здравата исхрана.<br>- Македонија земја без отпад (учениците активно со своите наставници учествуваат во расчистување на сметот и уредување на училиштето и непосредната околина) „Рециклирај, реупотреби, редуцирај“<br>- По повод 22 септември, Меѓународниот ден без автомобили се реализираа бројни активности како што се прошетка со велосипеди, ролери и тротинети во училиштниот двор и околината на училиштето. Учениците изработуваа еко цртежи, пораки и знаменца со мотото „Без автомобили до почист свет“.<br>Со деловната заедница , невладиниот сектор како и другите заинтересирани учесници во образованието училиштето соработува преку реализација на: програмата јавни културни манифестации, соработка со некои невладини организации.За практично оспособување на учениците и проширување на нивните знаења во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | врска со одредени програмски содржини училиштето организира посети на одредени фабрики. Училиштето остварува редовна соработка со другите училишта како на општинско ниво преку организирање на разни спортски натпревари, литературни читања, изложби, квиз натпревари,натпревари Математика, натпревари Природни науки, организирање и учество на отворени работилници. |

**Подрачје 5 :Училишна клима**

ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

| Методи кои се користени | **Учество: кој беше вклучен во собирање на овие информации** | Кои информации се собрани |
|---|---|---|
| **Прашалник за наставници** | **Одговорни лица за преглед на податоци**<br>*Соња Апостоловска-Трајковска*<br>*Оливера Јосифовска*<br>*Фросина Јанакиевска*<br>*Соња Рулеска*<br>*Јована Димовска* | Анкетирани беа вкупно 26 наставника , од кои 1 машко и 25 женски<br><br><br>***Од вкупно анкетираните следат соодветните одговори од пресметката.*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | ***Мојот однос е подеднаков со машките и женските ученици***  <br>*Потполно се согласувам 24- 92,3%_, Се согласувам 2-7,7%*<br>*Делумно се согласувам / Не се согласувам /*<br>***Мојот однос кон учениците се базира на взаемно почитување*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>*Потполно се согласувам 22- 84,6%. Се согласувам _4-15,4%_ Делумно се согласувам / Не се согласувам /*<br>***Односот меѓу наставниците се базира на взаемно почитување***<br><br><br>*Потполно се согласувам 14-53,8% Се согласувам _12-46,2% Делумно се согласувам _/_ Не се согласувам _/_*<br>***Односот на учениците кон наставниците е пристоен и со почит*** |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>*Потполно се согласувам 7-26,9% Се согласувам _15 -57,7% Делумно се согласувам 4-15,4% Не се согласувам _/_*<br>***Мојот однос кон новите наставници е со почит и директна соработка***<br> |

*Потполно се согласувам 20- 72,9% , Се согласувам _6-23,1%, Делумно се согласувам_/_, Не се согласувам _/_*

***Користам содржини кои го поттикнуваат развојот и мислењето на еко свеста,интеркултурно образование и воспитание и потиснување на насилството во училиштето***




*Потполно се согласувам 17- 65,4% , Се согласувам _9-34,6%, Делумно се согласувам /, Не се согласувам _/_*

***Односот меѓу учениците со различни способности се базира на взаемно почитување***




*Потполно се согласувам 14-53,8% , Се согласувам 12-46,2% Делумно се согласувам / Не се согласувам _/_*

***Учениците кои се недисциплинирани се казнуваат со намалување на поведение***




*Потполно се согласувам 11- 42,3% Се согласувам 10-38,5%, Делумно се согласувам 4-15,4%, Не се согласувам 1-3,8%*

***Проблематичните ученици влијаат негативно врз работната атмосфера на часот***




*Потполно се согласувам 7-26,9% Се согласувам 14-53,8%, Делумно се согласувам 5-19,2%, Не се согласувам _/_*

***Позитивно влијаам со посебно наменето време за разговор и разрешување на конфликтни ситуации меѓу учениците***




*Потполно се согласувам 15-57,7%Се согласувам 10-38,5%, Делумно се согласувам 1/-3,8 Не се согласувам _/_*

***Организирам ученички натпревари***

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>*Потполно се согласувам 12-46,2%, Се согласувам 11-42,3%, Делумно се согласувам 1- 3,8% Не се согласувам 2-7,7%*<br>***Користам и реализирам ИКТ активности со употреба на електронски табли и со тоа ги богатам содржините и го олеснувам патот до знаењата***<br><br>*Потполно се согласувам 16-61,5% Се согласувам 7-26,9% , Делумно се согласувам 3-11,5% Не се согласувам*<br>***Учествувам во проекти, културно-уметнички, ликовни, драмски , изложби и манифестации***<br><br>*Потполно се согласувам 11-42,3% Се согласувам 11-42,3%, Делумно се согласувам 3- 11,5% Не се согласувам 1-3,8%* |
| **Прашалник за ученици** | **Одговорни лица за преглед на податоци** | Анкетирани се 30 ученици, од кои машки 16, женски 14 |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Соња Апостоловска-Трајковска<br>Оливера Јосифовска<br>Фросина Јанакиевска<br>Соња Рулеска<br>Јована Димовска</td>
<td>




<br>
Задоволен сум од односот наставник-ученик-
<br>


<br>
Потполно се согласувам 17- 56,7% Се согласувам 11-36,7% Делумно се согласувам 1-3,3% Не се согласувам 1-3,3%
<br>
Односот кон деца со пречки во психичкиот и физички развој е добар
<br>


</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>

*Потполно се согласувам 13- 43,3%, Се согласувам 15- 50%, Делумно се согласувам 1-3,3 % Не се согласувам 1-3,3%*

***Кон наставниците се однесувам со почитување***




*Потполно се согласувам 22- 73,3% Се согласувам 8- 26,7%, Делумно се согласувам_/_ Не се согласувам _/_*

***Мојот однос кон девојчињата е со почит***




*Потполно се согласувам 16- 53,3%, Се согласувам 14- 46,7%, Делумно се согласувам _/_ Не се согласувам _/_*

***Мојот однос кон момчињата е со почит***




</td>
</tr>
</table>

*Потполно се согласувам 16- 53,3% Се согласувам 14- 46,7%, Делумно се согласувам _/_ Не се согласувам _/_*

***Децата со различни способности треба да се групираат посебно***




*Потполно се согласувам 1- 3,3%, Се согласувам 5- 16,7% , Делумно се согласувам 4- 13,3%, Не се согласувам 20 -66,7%*

***Учениците кои прават проблем на часот треба да се казнат***




*Потполно се согласувам 15- 50% Се согласувам 12- 40%, Делумно се согласувам 3- 10%, Не се согласувам -/-*

***Слабите ученици прават проблеми на часот***



*Потполно се согласувам 2- 6,7% Се согласувам 3- 10%, Делумно се согласувам 12- 40%, Не се согласувам 13- 43,3%*

***Јавно се истакнуваат личните творби***




*Потполно се согласувам 10- 33,3%, Се согласувам 18- 60%, Делумно се согласувам 2- 6,7% , Не се согласувам - / -*

***Наставниците еднакво ги третираат сите ученици***




*Потполно се согласувам 9- 30%, Се согласувам 15- 50% Делумно се согласувам 3- 10% , Не се согласувам 3-10%*

***Секој ученик може на часот да го изнесе своето мислење***



<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>

*Потполно се согласувам 19- 63,3% Се согласувам 9- 30%*<br>
*Делумно се согласувам 2- 6,7%, Не се согласувам - / -*<br>
***Организирано посетуваме фабрики, изложби, културно-уметнички, драмски, ликовни манифестации***




*Потполно се согласувам 8 - 26,7%, Се согласувам 16- 53,3%,*<br>
*Делумно се согласувам 1-3,3 %, Не се согласувам 5-16,7%*
</td>
</tr>
<tr>
<td>Прашалник за родители</td>
<td>

**Одговорни лица за преглед на податоци**<br>
*Соња Апостоловска-Трајковска*<br>
*Оливера Јосифовска*<br>
*Фросина Јанакиевска*<br>
*Соња Рулеска*<br>
*Јована Димовска*
</td>
<td>

Анкетирани се 30родители, од кои машки 4 женски 26




***Постои позитивна клима и пријатен однос на релација наставник - родител***




*Потполно се согласувам 18 - 60 %, Се согласувам 10- 33,3%,*<br>
*Делумно се согласувам 2- 6,7%, Не се согласувам _/_*
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | ***Постои позитивна клима и пријатен однос  на наставниците кон учениците***<br><br><br>*Потполно се согласувам 15- 50%, Се согласувам  11- 36,7% , Делумно се согласувам  2 – 6,7% Не се согласувам 2-6,7%*<br>***Училиштето овозможува топла и пријатна атмосфера за работа подеднакво кај сите (ученици, наставници, стручна служба)***<br><br><br>*Потполно се согласувам 16-  53,3%, Се согласувам 11-36,7 % , Делумно се согласувам 2- 6,7% , Не се согласувам 1-3,3%*<br>***Училиштето соработува со родителите за да ја зголеми редовноста ,дисциплината и успехот  на учениците во наставата*** |




*Потполно се согласувам 17- 56,7 %, Се согласувам 8- 26,7 %, Делумно се согласувам 4-13,3% Не се согласувам 1-3,3%*

***Училиштето е целосно отворено за соработка со родителите и целосно се почитуват нашите сугестии***




*Потполно се согласувам 14 -46,7 %, Се согласувам 11 -36,7 %, Делумно се согласувам 4- 13,3% % Не се согласувам 1- 3, 3%*

***Училиштето овозможува просторно и нагледно правилно и соодветно на високи стандарди заштита по здравјето и безбедноста на учениците.***




*Потполно се согласувам 14 – 46,7%, Се согласувам 10 - 33,3 %, Делумно се согласувам 3- 10 % Не се согласувам 3-10%*

***Односот на деца со пречки во психофизички развој е соодветен***

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>*Потполно се согласувам 10-  33,3 %, Се согласувам 13- 43,3%, Делумно се согласувам 5- 16,17%, Не се согласувам 2-6,7%*<br>***Добро сум информиран за поведението и дисциплината на учениците кои учат со моето дете***<br><br><br>*Потполно се согласувам 12- 40%, Се согласувам 10- 33,3%, Делумно се согласувам 6- 20%, Не се согласувам  2- 6,7%*<br>***Редовно добивам покана за родителски средби и слободно можам да го посетам училиштето кога сакам***<br><br><br>*Потполно се согласувам 16- 53,3%, Се согласувам 13- 43,3 %, Делумно се согласувам 1-3,3%, Не се согласувам  - / -*<br>***Слободно можам да присуствувам на кој сакам час и да ја следам активноста на моето дете*** |




*Потполно се согласувам 5- 16,7%.,Се согласувам 8- 26,7%, Делумно се согласувам 10- 22,58%, , Не се согласувам 7 -23,3%*

***Имаме родител во Советот на родители кој редовно не информира за тековните случувања во училиштето***




*Потполно се согласувам 8- 26,7%, Се согласувам 8- 26,7%, Делумно се согласувам 5-16,7%, , Не се согласувам  9-30 %*

***Постои позитивна клима, толеранција и подигната свест кај учениците за взаемно почитување и намалување на насилството во училиштето***




*Потполно се согласувам 11-  36,7%, Се согласувам 15- 50%, Делумно се согласувам, 3-10%,  Не се согласувам 1-  3,3%*

***Постои позитивна клима, сораотка и успешна работа во совладување на сите технички работи на ИКТ опремата- електронска комуникација***

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>*Потполно се согласувам 15- 50%, Се согласувам 10- 33,3%, Делумно се согласувам 3 – 10% Не се согласувам 2-6,7%* |

| Самоевалуација на училиштето: Наум охридски – с. Булачани | Подрачје 5 – Училишна клима |
|---|---|
| Резултати: | |

**Клучни јаки страни**

- Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.
- Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи.
- Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето изработен со учество на претставници на сите засегнати страни и е усвоен низ транспарентна процедура.
- Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените.
- Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.
- Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето.
- Правилникот за изрекување педагошки мерки доследно се почитува.
- Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа.
- Наставниците активно работат на проекти и се мотивирани од постигањата на учениците.
- Добро организирани родителски средби резултираат со навремена информираност и добра соработка.
- Постои отворена соработка со локалната средина.
- Училиштето обезбедува можност родителите да се вклучат во животот на училиштето преку најразновидни форми и активности.
- Родителите имаат можност редовно да се информираат и да го следат напредокот и редовноста на учениците.
- Почитување на размислувањата на родителите и учениците со Статут, Правилници и Кодекси кои се изготвени согласно Законите практично се применуваат.
- Наставниците не прават разлика помеѓу учениците со различни способности, различна етничка припадност и во однос на полот
- Постои добра соработка со Советот на родители на училиштето.
- Следење на сите промени и дополнувања во Законите и нивна примена.
- Почитување на личноста, работата и споделување на знаења со помладите наставници.
- Промовирање на училиштето во локалната средина и пошироко преку заеднички активности.
- Почитување на интересите и можностите на учениците.

| |
|---|
| • Анимирање на учениците за активности во и надвор од училиштето преку натпревари културни и спортски настани.<br>• Вклученост на ученичката заедница на ниво на училиште во одредени сегменти и аспекти од животот и работата на училиштето<br>• Учениците ги знаат, практикуваат и заштитуваат сопствените права и ги почитуваат правата на другите .<br>• Училиштето постигнува високи резултати на натпревари на знаења и натпревари во воннаставни активности.<br>• Наставниците реализираат активности за спречување насилство.<br>• Вклученост на учениците во ЕКО проекти во училиштето и пошироко.<br>• Вклученост на учениците во проектот МИО.<br>• Училиштето постигнува значајни резултати на општинско,регионално и државно ниво.<br>• Тековно следење на промените во образованието, соработка со сите владини и невладини организации во кои активно се вклучени учениците според своите можности, потреби и интереси. |
| **Слабости**<br>• Просториите во кои работи училиштето не даваат можност за изведување на прослави, приредби.<br>• Неопходно е да се изгради спортска сала за поголема спортска активност на учениците.<br>• Училиштето има потреба од соработка со други училишта надвор од државата за реализација на интернационални проекти и за поголема афирмација на училиштето.<br>• Потребна е поголема вклученост и отвореност за соработка од страна на родителите со училиштето во воспитно-образовниот процес. |

| Самоевалуација на училиштето: Наум Охридски – с. Булачани |
|---|
| **Анализа на резултатите:** |
| Од направената анализа на ова подрачје произлегува дека училиштето работи према постоечката законска регулатива. Имено целосно се почитуваат одредбите во законот за основно образование. Сите акти кои произлегуваат од ЗОО особено Статутот на училиштето, Правилници, Кодекси и други педагошки документи се донесени и усвоени од страна на Училишниот одбор. Истите се спроведуваат во практика онаму каде и кога е потребно. Редовно се следат сите промени во законите и истите се имплементираат во нашите документи за да може да се работи по нив.<br>Учениците се целосно анимирани во наставата и вон наставата онолку колку што можат да постигнат секој, според своите способности и вештини. Контактите со одделенскиот раководител, психологот, дефктологот и другите наставници се ефективни и се континуирани во текот на учебната година. Прашањата, дилемите и размислувањата на учениците се однесуваат не само на учењето туку и на други полиња од живеењето. Нивното мислење целосно се почитува во оние сегменти каде може да им се излезе во пресрет. Особно оние предлози и ставови кои доаѓаат од учениците претставници во училишната заедница на ниво на училиште. За учениците по било кој основ не ги почитуваат пропишаните правила на однесување, говорење се изрекуваат педагошки мерки согласно постоечкиот правилник. Педагошките мерки ја постигнаа својата цел.<br>Родителите се активни учесници во целокупното работење и живеење на училиштето согласно нивната улога. Нивното учество се одликуваше со индивидуален ангажман на поедини родители и преку Советот на родители како стожер на промените и новитетите кои се имплементираат во работата на училиштето. На средбите на Советот на родители родителите даваат предлози и мислења и носат одлуки соодветни за нивнуиот статус. Соработката која ја има училиштето со родителите е професионална, наменска и е во насока на афирмирање на училиштето во локална средина и пошироко. Информираноста на родителите за сите промени во законската регулатива, воведување на проекти, спроведени и реализирани активности во врска со нив краткорочни и долгорочни планирања е навремена, исцрпна, аргументирана и документирана. |
| **Идни активности:**<br>➢ Подобрување на просторните услови на работа за да се реализираат некои наставни и воннаставни активности, спортска сала може да ги задоволи тие критериуми.<br>➢ Поголема активност на ученичката заедница на сите нивоа.<br>➢ Да се обезбеди поголема подршка и соработка со стопанските субјекти од локалната самоуправа.<br>➢ Поголема соработка со други училишта во и надвор од државата.<br>➢ Вклучување на родителите во воспитно- наставниот процес. |

Изработиле:
Соња Апостоловска Трајковска
Јована Димовска
Оливера Јосифовска
Соња Рулеска
Фросина Јанакиевска

## Самоевалуација на ООУ "Наум Охридски Булачани", Скопје  Подррачје 6: Ресурси

**<u>Оддели во рамките на подрачјето:</u>**

***6.1. Сместување и просторни капацитети***
- Просторни услови
- Искористеност на просторните капацитети

***6.2. Наставни средства и материјали***
- Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала
- Училишна библиотека
- Потрошен материјал

***6.3. Обезбедување на потребен наставен кадар***
- Број на вработени и соодветност на наставниот кадар
- Ефективност и распоредување на кадарот
- Стручната служба како поддршка на наставниот кадар

***6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар***
- Професионален развој на наставниците

***6.5. Финансиско работење на училиштето***
- Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење
- Транспарентност на планирањето и трошењето на училишниот буџет

**<u>Тим за спроведување на активностите:</u>**
Маја Крстеска (наставник по математика - физика) - *координатор на тимот*
Марија Сотировска (наставник по математика и физика) - *член*
Сунчица Стојковска (одделенски наставник) - *член*
Александра Величковска (наставник по историја) – *член*
Сања Костовиќ - Николовска (наставник по оделенска настава)– *член*

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 6 | **Ресурси** | | |
| 6.1 | **Сместување и просторни капацитети** | | |
| | **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| | **Документи од архива:**<br><br>♠ Поседовен лист бр. 178 од 16.11.2005 год., под дел.бр. 1135/12013<br><br>♠ Имотен лист бр.1105-8965/2014 од 22.01.2014год во архива на училиштето | ♠ Просторни услови<br><br>♠ Искористеност на просторните капацитети | ♠ **Централно училиште во с.Булачани:**<br>Училиштето е објект изграден 1964 год. Има вкупна површина од 3821 $m^2$, од кои зграда 400 $m^2$, двор од 3427 $m^2$. Во дворот има 2480 $m^2$ озеленета површина и 800 $m^2$ асвалтирани спортски терени.<br>Училишната зграда располага со:<br>• 6 училиници<br>• 3 административни простории: (директор 1, секретар 1, книговодител 1, стручна служба 1)<br>• 1 библиотека<br>• 1 медијатека<br>• 1 соба за наставникот во медијатеката<br>• 1 наставничка канцеларија<br>• 1 просторија за прием на ужинка за учениците<br>• 1 просторија за алат (работилница)<br>• санитарни јазли: тоалет за вработените - 1 (заедничко) и за учениците-1 машко и 1 женско<br>• подрумска просторија<br><br>♠ **Подрачно училиште во с. Црешево:**<br>Училиштето е објект изграден 1963 год. Има вкупна површина од 7304 $m^2$, од кои зграда 280$m^2$, двор од 7024 $m^2$ каде 800 $m^2$ зафаќаат асвалтирани спортски терени.<br>Училишната зграда располага со:<br>* 6 училиници од кои:<br>- 4 учлници со стандардна големина (околу 50 $m^2$)<br>- 1 учлница за помал број ученици (околу 30 $m^2$) |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>♠ Имотен лист бр.1105-8968/2014 од 22.01.2014год во архива на училиштето</td>
<td></td>
<td>- 1 училница – дневен престој, за помал број ученици<br>* административни простории - 1<br>* наставничка канцеларија - 1<br>* простории за технички персонал : 1 работилница<br>* санитарни јазли: тоалет за персонал - 1 (заедничко) и за учениците- 2 машки и 3 женски<br>* адаптирана подрумска просторија од 80 $m^2$ за настава по физичко и здравствено образование (делумно опремена)<br>* соблекувални - 2<br><br>♠ Подрачно училиште во с. Раштак:<br>Училиштето е објект изграден 1965 год. Има вкупна површина од 4880 $m^2$, од кои зграда 220 $m^2$, двор од 4660 $m^2$.<br>Училишната зграда располага со:<br>* 2 училиници во кои се изведува комбинирана настава<br>* тоалети за ученици 2,<br>* 1 наставничка канцеларија<br>* 1 дополнителна просторија и 1 тоалет<br><br>Сите простории во училиштата се максимално искористени, а некои дури и се пренаменети и адаптирани со цел за подобрување на наставата по одредени предмети.</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>♠ Годишна програма за работа на училиштето кај директорот<br><br>♠ Фактури за набавка во архива</td>
<td>♠ Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала</td>
<td>
<table>
<tr><th>р.бр.</th><th>Вид на средство</th><th>Количина</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Бела магнетна табла</td><td>11</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Интерактивна табла</td><td>13</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>ЛЦД проектор</td><td>15</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Платна за проектирање</td><td>2</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Десктоп компјутер за ученици</td><td>32</td></tr>
</table>
</td>
</tr>
</table>

♠ Закон за основно образование (Норматив)

♠ Пописни листи 2020 год. (регистратор за пописни листи)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6.** | Лап – топ компјутер за ученици од I – III одд. | | 48 |
| **7.** | Преносен (лап -топ) компјутер | | 38 |
| **8.** | Административен персонален компјутер | | 7 |
| **9.** | Фотокопир | | 3 |
| **10.** | Печатач (ласерски, црно-бел) | | 15 |
| **11.** | Мултифункционален (ласерски) печатач во боја | | 1 |
| **12.** | Мултифункционален ласерски уред, црно - бел | | 3 |
| **13.** | Графоскоп | | 1 |
| **14.** | FLIP камера | | 1 |
| **15.** | Дигитален апарат Канон | | 1 |
| **16.** | ДВД - плеер | | 2 |
| **17.** | Видео рекордер | | 1 |
| **19.** | ТВ приемник (LCD) | | 1 |
| **30.** | Пинг – понг маси | | 2 |

* друго:
- прибор за работа по математика,
- прибор за експериментална работа по хемија,
- нагледни средства- модели по биологија,
- нагледни средства по физика,
- нагледни средства за одд. настава,
- разни видови топки и др.

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 6 | **Ресурси** | | |
| 6.2 | **Наставни средства и материјали** | | |
| | **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| | ♠ Инвентарна книга за водење книги и тетратка за евиденција на библиотекарот<br>♠ Инвентарна книга за водење книги и тетратка за евиденција на библиотекарот<br><br>♠ Фактура за набавка на канц. материјал кај секретарот, бр.0061/18 од 16.04.2018 год.<br><br>♠ Протокол за водење на час кај директорот<br>Записник од:<br>- посета на часови на психолог<br>- стручен актив<br>- отворени часови<br>- училишен одбор<br>- наставнички совет | ♠ Училишна библиотека<br><br>♠ Потрошен материјал | **Стручни списанија** на кои е претплатено училиштето: "Просветен работник", "Воспитни крстопати"<br>Училиштето располага со **библиотека -медијатека** која им стои на располагање на сите ученици и вработени. Вкупниот фонд на книги во училишната библиотека изнесува 12 000 примероци, од кои: - 10 565 примероци лектирни изданија<br>- 1 105 примероци друга литература, од кои над 70% од стручната литература за наставници се застарена литература која не е од голема корист во современата настава.<br>**-** 330 примероци (82 наслови) енциклопедии<br>**-** 26 видео- касети од едукативен карактер<br>- 7 CD-а со едукативни игри<br>Набавка на хартија и друг **потрошен материјал** врши секретарот училиштето, по консултација со директорот. Овој потрошен материјал вглавно ги задоволува потребите на училиштето.<br>Наставниците во договор со директорот ги утврдуваат **потребите од наставни средства и материјали**. Истите се набавуваат преку разгледување на понуди од фирмите доставувачи на вакви материјали од страна на формирана училишна комисија за јавни набавки, по извршена консултација за истото меѓу директорот и наставниците.<br>Секојдневното ефикасно **користење на наставните средства и материјали** го контролира директорот и психологот преку посета на часови, на организирани отворени часови и преку разговор со наставници, ученици и родители; |

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 6 | **Ресурси** | | |
| 6.3 | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | | |
| | **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| | ♠ Платни списоци на вработените кај секретарот<br>♠ Списоци за редовност кај директорот (од евиденција со електронски картички)<br>♠ Дневници за работа<br>♠ Распоред на часови<br>♠ Закон за основно образование | ♠ Број на вработени и соодветност на наставниот кадар | (види табели подолу) |

| | вкупно | машки | женски |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно вработени*** | 43 | 4 | 39 |
| ***Тех. персонал*** | 6 | 2 | 4 |
| ***Администр. и стручна служби*** | 4 | 0 | 4 |
| ***Наставен кадар*** | 32 | 2 | 30 |

| ***Степен на образование*** | вкупно | машки | женски |
|---|---|---|---|
| високо | 34 | 2 | 32 |
| вишо | 3 | 0 | 3 |
| средно | 6 | 2 | 4 |
| основно | 0 | 0 | 0 |

| ***Работно искуство во години*** | вкупно | машки | женски |
|---|---|---|---|
| **приправници** | 4 | 0 | 4 |
| **1 – 10** | 11 | 1 | 10 |
| **11 – 20** | 17 | 1 | 16 |
| **21 – 30** | 9 | 0 | 9 |
| **над 30** | 4 | 0 | 4 |

| ***Старосна структура во години*** | вкупно | машки | женски |
|---|---|---|---|
| **20 – 30** | 0 | 0 | 0 |
| **31 – 40** | 12 | 2 | 10 |
| **41 – 50** | 19 | 1 | 18 |
| **51 – 60** | 11 | 1 | 10 |
| **над 60** | 1 | 0 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ♠ Протокол за водење на час кај директорот<br>Записник од:<br>- посета на часови на психолог<br>- стручен актив<br>- отворени часови<br>- училишен одбор<br>- наставнички совет<br><br>♠ Дневни извештаи за работа на психологот | ♠ Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br><br>♠ Ефективност и распоредување на кадарот<br><br>♠ Стручната служба како поддршка на наставниот кадар | **По национална припадност** сите вработени се изјасниле како Македонци.<br>Целиот персонал **ги извршува своите работни задачи** според прописите и воглавно редовно. Сите отсуства кои се направени во овој период се од оправдани причини - заради боледувања, семејни причини, посета на семинари, учество на натпревари, смотри и сл. Директорот е редовно информиран за секое отсуство на било кој член на персоналот, од страна на Комисијата задолжена за ова прашање и по потреба применува мерки предвидени со ЗРО.<br>**Наставниот кадар е соодветен** според Нормативот за наставен кадар на МОН и вработените во целост ги извршуваат работните задачи на своите работни места. Вработените се распоредени на работни места на најсоодветен начин кој одговара на потребите на училиштето и на потребите на вработениот, согласно Законот.<br>**Оценувањето на ефективноста на работата на наставниците** се врши преку:<br>- посета на часови од страна на директорот, психологот, педагогот;<br>- работа на стручни активи, при што се извршуваат меѓусебни консултации и договарања меѓу наставниците или наставниците и директорот и психологот, се одредуваат теми за работа и сл.;<br>- организирање на отворени часови на кои можат да присуствуваат директор, психолог, наставници од истото или гости од друго училиште, се води дискусија по одржувањето на часот и истиот се евидентира како таков;<br>- следење на успехот на учениците, детален и просечен;<br>- консултации со родители околу нивното задаоволство од постигањата на нивните деца во училиштето, односно континуирано следење на нивното мислење за квалитетот на наставата и работата на наставниот кадар.<br>Стручната служба е активно вклучена во следење на наставниот процес, следејќи посебни ученици кои имаат проблеми со развојот и напредувањето, превзема одредени активности во договор со наставниците, прави споредбени анализи и дава сугестии на наставниците заради подобрување на наставата и успехот и сл. |
| | ♠ Годишна програма на училиштето | ♠ Професионален развој на наставници | Потребите за професионален развој на наставниот кадар се евидентни, а тоа го диктира и природата на професијата. Наставниците можат да го планираат и реализираат својот професионален развој во и надвор од училиштето. Во рамки на училиштето тоа се прави на отворените часови кои се организираат, на работилници и десеминации кои ги реализираат колеги кои се стекнале со такви квалификации. |

| 6 | Ресурси | | |
|---|---|---|---|
| 6.4 | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | | |
| | **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| | ♠ Сертификати за завршени обуки<br><br>♠ Одлуки на комисија за професионален развој (од архива)<br><br>♠ Извештаи за спроведена десеминација во училиштето<br><br>♠ План за професионален развој на наставниците<br><br>♠ Записници од наставнички совет<br><br>♠ Записници и менторски мислења | ♠ Професионален развој на наставници | Надвор од училиштето, наставниците имаат поддршка за посета на сите бесплатните семинари кои се организираат од страна на МОН и БРО или други институции во соработка со МОН и БРО (Проект МИО, Проект за модернизација на образованието, еколошки проекти и сл.), но и на семинари кои се со самофинансирање или финансирање од страна на училиштето.<br>Сите наставници редовно ги следат промените во образовниот процес и активно работат на своето професионално усовршување. Во изминатите 2 години, во рамките на Проектот меѓуетничка интеграција во образованието за сертификација се подготвува целиот наставен кадар.<br>Училиштето во рамките на своите можности и согласно Законот, им дава безусловна поддршка на оние наставници кои сакаат да ги подобрат своите **стручни способности**. Се овозможува замена за евентуално отсуство на наставникот заради негов ангажман од ваков тип. Во договор со директорот и колегите, часовите се надополнуваат.<br>Училиштето нема изготвена ***стратегија за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации*** и стручност во обезбедување помош или поддршка на колегите. Затоа пак, задолженијата што наставниците обучувачи ги добиваат за вршење на десеминација на одредена тематика продолжуваат и во тек на понатамошната работа. Наставниците соработуваат и се помагаат меѓусебно во рамките на своите можности и квалификации заради постигнување на подобри резултати. Училиштето им дава безусловна поддршка и можност на сите наставници за посети на семинари, курсеви, учества во проекти и, во рамките на можностите, овозможува нивна десеминација.<br>Следејќи ги нормите пропишани со Законот за основно образование, на секој **наставник-приправник** училиштето му назначува ментор кој му помага преку поддршка со пишани материјали, взаемна посета на часови и анализа и дискусија околу истите, пренесување на лични искуства заради поефикасно спроведување на наставата, консултации околу подготовките за државен испит - изработка на семинарска работа и подготовка на даден час и сл. Исто така, на приправникот секогаш за консултација и совет му стојат на располагање психологот, директорот и останатите колеги со поголемо работно искуство. |

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 6 | **Ресурси** | | |
| 6.5 | **Финансиско работење на училиштето** | | |
| | **Прегледани документи** | **Теми** | **Активности** |
| | ♠ Деловодник за примена и издадена документација кај секретарот<br><br>♠ Евидентна книга за прием и издавање на фактури<br><br>♠ Закон за јавни набавки<br><br>♠ Закон за основно образование<br><br>♠ Записнички книги од:<br>- совет на родители<br>- комисија за набавки<br>- наставнички совет<br>- училишен одбор | ♠ Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br><br>♠ Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет | **Планирањето на финансиските средства** е опфатено со Финансовиот план на училиштето и Планот за јавни набавки. Во овие планирања рамноправно земени во обзир и потребите на подрачните училишта.<br>**Постапката за спроведување на финансиското работење** се одвива во три етапи:<br>I. Утврдување на потребите;<br>II. Обезбедување финансиски средства (МОН, општина, аплицирање со проекти);<br>III. Спроведување на планираното согласно законски и правни норми.<br>Платите на вработените се обезбедени од страна на Општината, како и материјалните средства за огрев и хигиена.<br>Финансиските средства за плаќање на комуналиите и набавка на потрошен канцелариски материјал, како и минимални финансиски средства за набавка на нагледни средства и материјали, исто така обезбедува Општината.<br>Финансиски средства за надополнување на библиотечниот фонд се обезбедуваат, во мал дел, преку издавачките куќи кои го обезбедуваат детскиот печат за учениците и со пренамена на финансиски средства за други намени, кои не се искористени.<br>Со **финансиското работење на училиштето**, односно училишниот буџет и трошоците, се запознаени сите вработени, родители, локалната самоуправа, МОН и тоа преку полугодишен и годишен извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се доставуваат до сите органи на управување и раководење со училиштето.<br>Финансовиот план на училиштето го донесува Училишниот одбор, по предлог на директорот, а го одобрува Општината.<br>**Користењето на материјално-финансиските средства** е транспарентно и законски поддржано, по потреби утврдени и подржани од страна на сите субјекти во училиштето и со задолжително информирање на Училишниот одбор и советот на родители. |

## ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

| Методи кои се користени | Учество: вклучени во собирање на информации | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| • Анкетен лист<br>• Разговор<br>• Набљудување | ♠ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>- Маја Крстеска<br>- Сунчица Стојковска<br>- Александра Величковска<br>- Сања Костовиќ - Николовска<br>- Марија Сотировска | Анкетирани се вкупно 30 родители, 15 на ученици од централното училиште и 15 на ученици од подрачните училишта.<br><br>Анкетирани се вкупно 30 ученици, 15 од централното училиште и 15 од подрачните училишта.<br><br>Анкетирани се вкупно 30 наставници.<br><br>На поставените прашања се добиени следниве одговори:<br><br> |

<table>
<tr><th>Методи кои се користени</th><th>Учество: вклучени во собирање на информации</th><th>Информации  кои  се собрани</th></tr>
<tr><td>

- Анкетен лист
- Разговор
- Набљудување

</td><td>

♠ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:

- Маја Крстеска
- Сунчица Стојковска
- Александра Величковска
- Сања Костовиќ - Николовска
- Марија Сотировска

</td><td>







</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| • Анкетен лист<br>• Разговор<br>• Набљудување | Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>- Маја Крстеска<br>- Сунчица Стојковска<br>- Александра Величковска<br>- Сања Костовиќ - Николовска<br>- Марија Сотировска |  |

| | | |
|---|---|---|
| • Анкетен лист<br>• Разговор<br>• Набљудување | Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>- Маја Крстеска<br>- Сунчица Стојковска<br>- Александра Величковска<br>- Сања Костовиќ - Николовска<br>- Марија Сотировска |  |

<table>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>• Анкетен лист<br>• Разговор<br>• Набљудување</td><td>♠ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>- Маја Крстеска<br>- Сунчица Стојковска<br>- Александра Величковска<br>- Сања Костовиќ - Николовска<br>- Марија Сотировска</td><td></td></tr>
</table>


Библиотеката располага со компјутер и Интернет пристап
50%
45%
40%
35%
30%
25%
20%
15%
10%
5%
0%
10%
34%
22%
34%
потполно се согласувам
се согласувам
делумно се согласувам
не се согласувам
ученици
наставници

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| • Анкетен лист<br>• Разговор<br>• Набљудување | ♠ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>- Маја Крстеска<br>- Сунчица Стојковска<br>- Александра Величковска<br>- Сања Костовиќ - Николовска<br>- Марија Сотировска |  |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>
</td>
</tr>
<tr>
<td>

- Анкетен лист
- Разговор
- Набљудување

</td>
<td>Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>- Маја Крстеска<br>- Сунчица Стојковска<br>- Александра Величковска<br>- Сања Костовиќ - Николовска<br>- Марија Сотировска</td>
<td>
</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td></td><td>
</td></tr>
<tr><td>

- Анкетен лист
- Разговор
- Набљудување

</td><td>

♠ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:
- Маја Крстеска
- Сунчица Стојковска
- Александра Величковска
- Сања Костовиќ - Николовска
- Марија Сотировска

</td><td>
</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td></td><td>
</td></tr>
<tr><td>

- Анкетен лист
- Разговор
- Набљудување

</td><td>

♠ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:

- Маја Крстеска
- Сунчица Стојковска
- Александра Величковска
- Сања Костовиќ - Николовска
- Марија Сотировска

</td><td>
</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| • Анкетен лист<br>• Разговор<br>• Набљудување | ♠ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>- Маја Крстеска<br>- Сунчица Стојковска<br>- Александра Величковска<br>- Сања Костовиќ - Николовска<br>- Марија Сотировска |  |

<table>
<tr><td></td><td></td><td>
</td></tr>
<tr><td><ul><li>Анкетен лист</li><li>Разговор</li><li>Набљудување</li></ul></td><td>♠ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>- Маја Крстеска<br>- Сунчица Стојковска<br>- Александра Величковска<br>- Сања Костовиќ - Николовска<br>- Марија Сотировска</td><td>
</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| • Анкетен лист<br>• Разговор<br>• Набљудување | ♠ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>- Маја Крстеска<br>- Сунчица Стојковска<br>- Александра Величковска<br>- Сања Костовиќ - Николовска<br>- Марија Сотировска |  |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| • Анкетен лист<br>• Разговор<br>• Набљудување | ♠ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>- Маја Крстеска<br>- Сунчица Стојковска<br>- Александра Величковска<br>- Сања Костовиќ - Николовска<br>- Марија Сотировска |  |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |

| | | |
|---|---|---|
| • Анкетен лист<br>• Разговор<br>• Набљудување | ♠ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:<br>- Маја Крстеска<br>- Сунчица Стојковска<br>- Александра Величковска<br>- Сања Костовиќ - Николовска | Анкетирани се вкупно 30 родители, 15 на ученици од централното училиште и 15 на ученици од од подрачните училишта. На поставеното прашање се добиени следниве одговори:<br><br>**Прашање:** * ***Што најмногу, според вас, му недостасува во училиштето во кое учи вашето дете?***<br>**Одговор:**<br>1. фискутурна сала<br>2. соблекувална<br>3. современо опремени кабинети<br>4. целодневна настава<br>5. кујна/кантина<br>6. кабинет по информатика опремен со компјутери<br>7. библиотека |

<table>
<tr>
<td>

- Анкетен лист
- Разговор
- Набљудување

</td>
<td>

- Марија Сотировска

</td>
<td>

Анкетирани се вкупно 30 ученици, 15 од централното училиште и 15 од од подрачните училишта. На поставеното прашање се добиени следниве одговори:

<table>
<tr><td>Прашање</td><td>* Што најмногу, според вас, му недостасува во училиштето во кое учиш?</td></tr>
<tr><td>Одговор</td><td>1. фискутурна сала<br>2. соблекувална<br>3. современо опремени кабинети за природните науки<br>4. кабинет по информатика опремен со компјутери<br>5. библиотека</td></tr>
</table>

</td>
</tr>
<tr>
<td>

- Анкетен лист за родители

</td>
<td>

♠ Тим на наставници одговорни за ова подрачје:

- Маја Крстеска
- Сунчица Стојковска
- Александра Величковска
- Сања Костовиќ - Николовска
- Марија Сотировска

</td>
<td>

Анкетирани се 30 наставници. На поставеното прашање добиени се следниве одговори:

<table>
<tr><td>Прашање</td><td>* Што најмногу, според Вас, му недостасува на училиштето во кое работите?</td></tr>
<tr><td rowspan="8">Одговор</td><td>Наредени по редослед според фреквенција:</td></tr>
<tr><td>- фискултурна сала</td></tr>
<tr><td>- кабинетска настава</td></tr>
<tr><td>- библиотека во подрачните училишта</td></tr>
<tr><td>- повеќе училници</td></tr>
<tr><td>- наменски простории (за прием на родители, приредби)</td></tr>
<tr><td>- читална со интернет</td></tr>
<tr><td>- дневен престој за ученици</td></tr>
</table>

</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | \| \| - материјали за примена на современи наставни техники \|<br><br>Приоритетни обуки кои се наведени од страна на наставниците се обуки за:<br>- изготвување програми за ученици со посебни потреби;<br>- методи и техники на современата настава;<br>- истражувачки постапки и методи по природни науки;<br>- справување со дискриминација и меѓуврсничко насилство;<br>- пречки во учењето – препознавање;<br>- реализација на настава ориентирана кон исходите од учењето;<br>- меѓупредметно поврзување на целите и активностите во наставата;<br>- прва помош и заштита. |

| Самоевалуација на ООУ "Наум Охридски Булачани", Скопје          Подррачје 6: Ресурси |
|---|
| **Резултати:** |

**Клучни јаки страни**

- посветување посебно внимание на хигиената во училиштето;
- внатрешно реновирани и заштитени училници;
- реновирани санитарни јазли;
- голем број нагледни средства по сите предмети;
- обезбедување на доволно потрошен материјал за наставниците и целиот персонал;
- посветување на посебно внимание и поддршка за стручно усовршување на наставниот кадар (преку семинари и обуки)
- наставен кадар по сите предмети, соодветно стручен и способен за работа
- одговорно извршување на работните задачи од страна на сите вработени во училиштето
- учество на наставниот кадар во сите проекти подржани од страна на МОН и БРО
- почитување на законската регулатива при финансиското работење на училиштето
- транспарентност во голема мера во планирањето и трошењето на училишниот буџет
- обезбеден лектирен фонд за сите ученици
- соодветно опремена библиотека (во однос на книжен фонд, просторно и технички);
- училишен простор кој во најголем дел ги задоволува потребите на учениците;
- училиштето е отворено за посета од страна на родителите и тие можат да имаат пристап до сите простории и информации, на нивно барање;
- во училиштата во с.Булачани и Цршево има парно греење;
- опременост со стручна литература и енциклопедиски изданија;
- медијатеката има капацитет да се унапреди во погодно место за учење и истражување, во рамките на училиштето;
- учениците имаат пристап до компјутер и интернет;

**Слабости**

- нема фискултурна сала во училиштата во с.Булачани, с.Цршево и с. Раштак;
- нема соодветни просторни услови за изведивање на кабинетска настава;
- нема услови за кабинетска настава;
- нема доволен број на училници за реализација на наставата во една смена;
- во училиштето во с. Цршево нема простор за библиотека или читална;

- нема сензорна соба во училиштето во с. Црешево;
- оштетена оградата и влезната врата на училишниот двор во с.Раштак;
- во училиштето нема изготвена стратегија и план за финансиска поддршка на професионалниот развој на вработените.

**Анализа на резултатите:**

**Централното основно училиште „Наум Охридски” во с.Булачани** е објект изграден 1964 година. Во склоп на ова училиште функционираат и две подрачни училишта, во с. Црешево и во с.Раштак. Централното училиште има вкупна површина од 3821 $m^2$, од кои зграда со површина од 400 $m^2$ и двор од 3427 $m^2$. Во дворот 2480 $m^2$ се озеленета површина и 800 $m^2$ асвалтирани спортски терени. Училишната зграда располага со 6 училиници. Во училиштето има 4 административни простории (за директор, стручна служба, секретар и сметководител), една наставничка канцеларија, една просторија во која е сместена училишната библиотека, една просторија во која е сместена медијатеката, една соба за подготовка на наставниците за работа во медијатеката, сензорна соба, една просторија за прием на ужинка, една просторија за алат. Постои само една санитарна просторија во која се сместени три тоалети, еден за вработените (заеднички) и два за учениците (машки и женски). Во училиштето има и подрумски простории во кои се наоѓаат резервоарите за нафта и дел од инвентар кој не се користи.

Сите простории во училишната зграда се затоплуваат со сопствено парно на нафта. Простории во голема мерка го задоволуваат критериумот за соодветност со намената. Комплетната замена на прозорите и внатрешните и надворешните врати во голема мера ја подобри енергетската ефикасност на зградата и ги подобри условите за работа.

Најгорлив проблем на централното и подрачните училишта претставува недостатокот на фискултурна сала или соодветна просторија каде што би можела да се изведува наставата по физичко и здравствено образование, кога временските услови или целите на часот се несоодветни за спроведување настава на отворено. Училиштето нема специјализирани училници или кабинети по одредени предмети, ниту простор со бина за приредби или претстави.

Библиотеката заедно со медијатеката има одлични услови за престој и користење од страна на учениците или наставниците, бидејќи нејзините просторни капацитети во потполност го овозможуваат тоа. Извршено е реновирање на просториите, опремување со значителен број енциклопедиски изданија, лектири и мал број примероци стручна литература. Потребен е само да профункционира истражувачкиот центар за учениците, кој би работел во склоп на библиотеката - медијатека и електронската библиотека. За таа цел потребно е да се обезбеди интернет конекција, кабелска телевизија и некои од десктоп - компјутерите со кои располага училиштето да се префрлат во медијатеката.

Во централното училиште административните простории се одделени во посебен коридор и се одлично опремени според стандардите и потребите на вработените.

**Подрачното училиште во с. Црешево** е објект изграден 1963 година, со вкупна површина од 7304 $m^2$, од кои зграда 280 $m^2$, двор од 7024 $m^2$ каде 800 $m^2$ зафаќаат спортски терени. Училишната зграда располага со 6 училиници од кои 2 се помошни училници за помал

број ученици. Во училиштето има 1 административна просторија, една наставничка канцеларија, една просторија која е ресурсен центар, една просторија за технички персонал (работилница), една просторија која се користи како фискултурна сала со 2 соблекувални за учениците и една просторија за прием на ужинка. Санитарниот јазол, во чиј склоп се еден заеднички тоалет за наставници и 2 машки и 3 женски тоалети за ученици, е неодамна реновиран и е во добра состојба. Сите простории се загреваат со сопствено парно на нафта. Внатрешните врати и прозорите се комплетно заменети со нови, што во голема мера допринесе за енергетската ефикасност на зградата и заштеда на финансиски средства. Подовите во сите простории се линолеумски и лесни за одржување, што го поткрева нивото на хигиена во училиштето. Покривот на зградата е комплетно заменет со нов лимен покрив со изолација според највисоки стандарди.

Во ова училиште постои адаптирана подрумска просторија од 80 $м^2$ , со две соблекувални, која се користи за настава по физичко и здравствено образование, во случај кога временските услови не дозволуваат таа да се одвива надвор. Оваа просторија не ги задоволува критериумите за намената која ја има. Во склоп на оваа подрумска просторија постојат две помали простории каде се сместени резервоарите за нафта.

**Подрачното училиште во с. Раштак** е објект изграден 1965 год. со вкупна површина од 4880 $m^2$, од кои зграда 220 $m^2$ и двор од 4660 $m^2$. Училишната зграда е комплетно реновирана во текот на 2013 година и сите простории со кои располага се опремени според највисоки стандарди Училиштето располага со две училиници во кои се изведува комбинирана настава од I - IV одд. на основното деветгодишно образование, една наставничка канцеларија и санитарна просторија со два тоалети. Огревното дрво се чува посебно, во подземна просторија во дворот.

Фасадите на сите три училишни згради се комплетно обновени.

Сите капацитети со кои располага училиштето им стојат на располагање на сите членови на училиштето. За некои простории кои се под дополнително обезбедување, како што се библиотеката и медијатеката, пристап на учениците е дозволен само под надзор на наставник. Во однос на можностите кои ги пружаат, сите простории се оптимално искористени.

Училиштето има јасен план и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на настава и вонннаставни активности, со што во голема мерка ги задоволува потребите на учениците. Во училиштата во с. Булачани и с. Црешево нема соодветна просторија за одржување на манифестации, приредби, претстави и сл. активности при кои се собираат повеќе луѓе и потребен е поголем простор. Доградба на двете училишта би можела да го реши овој проблем и проблемот со наставата по физичко и здравствено образование, доколку не се изградат сали.

Централното училиште располага со ***библиотека-медијатека*** која им стои на располагање на сите ученици и вработени. Вкупниот фонд на книги во училишната библиотека изнесува 12 000 примероци, од кои 10 565 примероци се лектирни изданија и 1 105 примероци друга литература. Стручната литература со која располага библиотеката во над 70% е застарена и не може да се користи во современата настава и само делумно ги задоволува потребите на вработените. Иако во училишната библиотека има доволен број на лектирни изданија да ги задоволат потребите на сите ученици (и од централното и од подрачните училишта), во подрачните училишта нема соодветни простории во кои би се чувале овие книги што го отежнува пристапот до нив (обврската, пак, навремано да ги достават до секој ученик одговорно ја извршуваат соодветните наставници).

Библиотеката - медијатека не располага со компјутер и пристап до Интернет. Работното време на библиотеката им овозможува на учениците да ја користат библиотеката во одредени периоди, поради ангажираност на библиотекарот и како наставник по македонски јазик.

Се прават напори да се обезбеди што поголем избор на информативна и стручна литература во училишната библиотека, заради континуирано следење на промените во современата настава од страна на наставниците.

***Наставните средства и помагала*** со кои располага училиштето се современи и во голема мера ги задоволуваат потребите за работа на наставниците и на учениците.

Училиштето редовно набавува потрошен материјал за задоволување на потребите на училишната администрација, како и за потребите на наставниците. Наставниците во договор со директорот ги утврдуваат ***потребите од наставни средства и материјали***. Истите се набавуваат преку разгледување на понуди од фирмите доставувачи на вакви материјали од страна на формирана училишна комисија за јавни набавки, по извршена консултација за истото меѓу директорот и наставниците. Секојдневното ефикасно ***користење на наставните средства и материјали*** го контролира директорот и стручната служба преку посета на часови, на организирани отворени часови и преку разговор со наставници, ученици и родители.

Во училиштето има вкупно ***43 вработени*** од кои 32 како наставен кадар, 2 во администрација (директор,секретар), 3 во стручна служба (психолог, педагог и дефектолог) и 6 во техничка служба. ***По национална припадност*** сите вработени се изјасниле како Македонци. Училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот кадар е околу 80% високообразуван, додека само 20% се со вишо образование. Го сочинуваат претежно млади кадри кои максимално одговорно ги извршуваат своите работни обврски. Училиштето располага со наставниците по сите наставни предмети, кои се соодветни на работните места на кои се распоредени и голем број од нив (наставници во предметната настава) извршуваат работни задачи и во централното и во подрачните училишта. Распоредот на часови се прави така да ги задоволува можностите на наставникот да стигне во ист работен ден од едното во другото училиште и истовремено се внимава предметите да бидат рамномерно распоредени по денови како учениците не би трпеле никакви последици.

***Целиот персонал ги извршува своите работни задачи*** според прописите и воглавно редовно. Сите отсуства кои се направени во оваа година се од оправдани причини - заради боледувања, посета на семинари, учества на натпревари, смотри и сл. Директорот е редовно информиран за секое отсуство на било кој член на персоналот и по потреба применува мерки предвидени со ЗРО.

***Оценувањето на работата на наставниците во училиштето*** се врши преку:

- посета на часови од страна на директорот или психологот;
- работа на стручни активи, при што се извршуваат меѓусебни консултации и договарања меѓу наставниците или наставниците и директорот и психологот, се одредуваат теми за работа и сл.;
- организирање на отворени часови на кои можат да присуствуваат директор, психолог, наставници од истото или гости од друго училиште, се води дискусија по одржувањето на часот и истиот се евидентира како таков;
- следење на успехот на учениците, детален и просечен;
- консултации со родители околу нивното задаоволство од постигањата на нивните деца во училиштето, односно континуирано следење на нивното мислење за квалитетот на наставата и работата на наставниот кадар.

Стручна служба во училиштето им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблемите и во давање советодавна помош на учениците. Стручната служба е активно вклучена во следење на наставниот процес, следејќи посебни ученици кои имаат проблеми со развојот и напредувањето, превзема одредени активности во договор со наставниците, прави споредбени анализи и дава сугестии на наставниците заради подобрување на наставата и успехот и сл.

Училиштето нема изготвена ***стратегија за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации*** и стручност во обезбедување помош или поддршка на колегите. Задолженијата што наставниците обучувачи ги добиваат за вршење на десеминација на одредена тематика продолжуваат и во тек на понатамошната работа. Наставниците соработуваат и се помагаат меѓусебно во рамките на своите можности и квалификации заради постигнување на подобри резултати. Училиштето им дава безусловна поддршка и можност на сите наставници за посети на семинари, курсеви, учества во проекти и, во рамките на можностите, овозможува нивна десминација.

**Потребите за професионален развој на наставниот кадар** се евидентни, а тоа го диктира и природата на професијата. Наставниците можат да го планираат и реализираат својот професионален развој во и надвор од училиштето. Во рамки на училиштето тоа се прави на отворените часови кои се организираат, на работилници и дисеминации кои ги реализираат колеги кои се стекнале со такви квалификации. Надвор од училиштето, наставниците имаат поддршка за посета на сите бесплатните семинари кои се организираат од страна на МОН и БРО или други институции во соработка со МОН и БРО ( Проект МИО, Проект за модернизација на образованието, еколошки проекти и сл.), но и на семинари кои се со самофинансирање или финансирање од страна на училиштето.

Сите наставници редовно ги следат промените во образовниот процес и активно работат на своето професионално усовршување. Целиот наставен кадар се стекна со сертификати согласно критериумите за спроведени активности во рамки на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието.

Училиштето во рамките на своите можности и согласно Законот, им дава безусловна поддршка на оние наставници кои сакаат да ги подобрат своите **стручни способности**. Се овозможува замена за евентуално отсуство на наставникот заради негов ангажман од ваков тип. Во договор со директорот и колегите, часовите се надополнуваат.

Следејќи ги нормите пропишани со Законот за основно образование, на секој **наставник-приправник** училиштето му назначува ментор кој му помага преку поддршка со пишани материјали, взаемна посета на часови и анализа и дискусија околу истите, пренесување на лични искуства заради поефикасно спроведување на наставата, консултации околу подготовките за државен испит - изработка на семинарска работа и подготовка на даден час и сл. Исто така, на приправникот секогаш за консултација и совет му стојат на располагање психологот, директорот и останатите колеги со поголемо работно искуство.

**Планирањето на финансиските средства** е опфатено со Финансовиот план на училиштето и Планот за јавни набавки. Во овие планирања рамноправно се земени во обзир и потребите на подрачните училишта.

**Постапката за спроведување на финансиското работење** се одвива во три етапи:

I. Утврдување на потребите;
II. Обезбедување финансиски средства (МОН, општина, аплицирање со проекти);
III. Спроведување на планираното согласно законски и правни норми.

Платите на вработените се обезбедени од страна на Општината, како и материјалните средства за огрев и хигиена.

Финансиските средства за плаќање на комуналиите и набавка на потрошен канцелариски материјал, како и минимални финансиски средства за набавка на нагледни средства и материјали, исто така обезбедува Општината.

Финансиски средства за надополнување на библиотечниот фонд се обезбедуваат, во мал дел, преку издавачките куќи кои го обезбедуваат детскиот печат за учениците и со пренамена на финансиски средства за други намени, кои не се искористени.

Со **финансиското работење на училиштето**, односно училишниот буџет и трошоците, се запознаени сите вработени, родители, локалната самоуправа, МОН и тоа преку полугодишен и годишен извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се доставуваат до сите органи на управување и раководење со училиштето.

Финансовиот план на училиштето го донесува Училишниот одбор, по предлог на директорот, а го одобрува Општината.

**Користењето на материјално-финансиските средства** е транспарентно и законски поддржано, по потреби утврдени и подржани од страна на сите субјекти во училиштето и со задолжително информирање на Училишниот одбор и советот на родители.

**Идни активности:**

- ***Изградба на фискултурна сала***
- ***Доградба на училиштата во с. Булачани и с. Црешево***
  - доградување на училишната зграда на училиштето во с. Булачани и с. Црешево за потребите на кабинетска настава;
  - зголемување на бројот на тоалетни кабини во училиштето во с. Булачани;
- ***Реновирање на училишните згради и дворови:***
  - поставување/поправка на оградата и влезната врата на училишниот двор во с. Раштак;
  - доопремување на читална со компјутер и интернет пристап во училишната библиотека с. Црешево;
- ***Хортикултурно уредување на училишните дворови:***
  - планско уредување на зелени површини
  - уредување на простор за училница во природа во с. Раштак;
  - реконструкција на пешачки патеки во с. Раштак.
- ***Обновување на старата ИК –технологија и набавка на нова;***
- ***Планска набавка на современи нагледни средства и стручна литература.***
- ***Изготвување стратегија за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации и стручност во обезбедување помош или поддршка на колегите;***
- ***Изготвување на стратегија и план за финансиска поддршка на професионалниот развој на вработените;***
- ***Обезбедување обуки на наставниот кадар согласно изразените потреби*** (Поставување на целите во индивидуалните планови за учениците со посебни образовни потреби, Прва помош и заштита при елементарни непогоди; Справување со меѓуврсничко насилство, Пречки во учењето - препознавање, Реализација на настава ориентирана кон исходите од учењето и др.).

**Самоевалуација на ООУ “Наум Охридски” - с. Булачани,Скопје**

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**7.1. Управување и раководење со училиштето**

-Управување со училиштето

-Раководење со училиштето

**7.2. Креирање на училишната политика**

- Јасност и соодветност на мисијата и визијата

-Процедури за креирање на училишната политика

-Резултати од развојното планирање

**Тим за спроведување на активностите:**
Златка Панчевска (наставник по македински јазик) - *координатор на тимот*
Мирјана Ивановска (наставник по англиски јазик) - *член*
Марина Миткова (училишен педагог) - *член*
Ивона Величковска (училишен дефектолог) – *член*
Виолета Божиновска - Николовска (наставник по ликовно образование)– *член*

**Подрачје 7 : Управување,раководење и креирање политика**

| Бр | Индикатори за квалитет | Теми | Активности |
|---|---|---|---|
| 7 | **Управување, раководење и креирање политика** | | |
| **7.1** | **Управување и раководење  со училиштето** | | |
| | Прегледани документи | Теми | Активности |
| | • Закон за основно образование;<br>• Статут на училиште;<br>• Деловник за работа на Училишниот одбор ;<br>• Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Годишна програма за работа на директорот и дневник за работа;<br>• Годишна програма за работа на психолог и дневник за работа;<br>• Одделенски дневник<br>• Записници од одлуки и извештаи од работата на Наставничкиот  совет и Училишниот одбор<br>• Записници од стручни активи;<br>• Записници од Одделенски совети; | • Управување  со училиштето | Структура на раководење на училиштето се состои од :<br>-Орган на управување – Училишен одбор<br>(3 наставници, 3 родители, 2 члена од локална самоуправа и 2 члена од ученичката заедница)<br>-Орган на раководење- менаџерски нивоа : директор, претседатели на стручни активи, одделенски/класни раководители<br>Директор на училиштето е Елизабета Андова.<br>Подрачното училиште во с. Црешево има поставено одговорен наставник – Елена Максимовска<br>Во училиштето работат стручни активи и секој актив има претседател. Застапени се следниве стручни активи : актив на одделенска настава, актив на општествено јазична група, природно – математичка група на предмети, актив за техника, спорт и уметност.<br>Надлежностите за управување и за административните задачи се дефинирани во Статутот на училиштето:<br>1. Орган на управување<br>2. Орган на раководење<br>Воспитно образовната работа во училиштето се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.<br>3. Стручни органи и тела<br>Со Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Деловникот за работа јасно се дефинирани надлежностите на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Самоевалуација и План за развој на училиштето;<br>• Записници од Совет на родители.<br>• Кодекс на однесување;<br>• Правилник за почитување на куќниот ред;<br>• Правилник за изрекување на педагошки мерки;<br>• Правилник за утврдување ученик на генерација.<br>• Правилник за утврдување Ученик - првенец на генерацијата.<br>• Програма за намалување на насилството во училиштето<br>• Програма за меѓуетничка интеграција<br>• Правилник за екскурзии<br>• Правилник за советување родители на учениците во ООУ,,Наум Охридски,,<br>• Правилник за распоред на работното време на наставниците, стручните соработници и вработени кои вршат администртативно-технички работи во училиштето | | раководење, управување и надлежностите на административното лице (благајник). Соработката на раководниот тим со сите субјекти во училиштето за размена на идеи поврзани со наставниот процес или разрешување на конкретни проблеми е отворена. Се разменуваат идеи поврзани со наставата и другите активности во училиштето. Раководниот тим соработува преку одржување состаноци, наставнички совети, консултации со раководители на подрачни училишта. Проблемите најчесто се решаваат на ниво на наставнички совет или со формирање на комисии кои одлучуваат.<br>Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. Во него членуваат 9 члена и тоа : тројца претставници од наставниците, стручните соработници од училиштето (Ивица Петрушевски, Соња Рулеска, Билјана Личкова), тројца претставници од родителите на учениците (Сања Петрушевска, Павлина Трајковска и Маја Јовчевски), еден претставник од основачот (Мартин Трифуновски) и двајца претставници од ученичката заедница на училиштето (Јована Атанасовска IXб одд., и Дамјан Ристовски од IXа одд.). Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловодникот за работа на Училишниот одбор и согласно законската регулатива и Статутот на училиштето.<br>Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот. Пред секој состанок на УО секој член е уредно поканет со писмена покана и известен за дневниот ред на состанокот. За да го обезбеди и поттикне присуството на состаноците одговорен е претседателот на УО- Сања Петрушевска и директорот-Елизабета Андова. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето обезбедува обуки за членовите на училишниот одбор заради успешно извршување на улогата на управување. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политика и води училишни политики во кои се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Проширена програма за прифаќање на учениците пред и по наставата<br>• Правилник за прием и запишување на децата во прво одделение<br>• Регистер за учество на учениците на натпревари;<br>• Регистер на изречени педагошки мерки ;<br>• Извештаи од систематски прегледи<br>• Годишни извештаи;<br>• Записници од работата на Наставничкиот совет;<br>• Стручни предавања и други материјали од областа на здравственото воспитување<br>• Годишната програма за работа на училиштето | | афирмира инклузивноста на училиштето , меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество. Вработените при ООУ "Наум Охридски" добиваат известување за одржување на состаноци преку јавно истакнување на поканата и дневниот ред на огласна табла. Со тоа секој вработен е информиран и може до претставниците од наставниците во Училишниот одбор да даде свој предлог или мислење во врска со дневниот ред.<br>Одделните подрачни училишта се вклучени во раководната структура преку претставници.<br>За годишното планирање на училиштето е одговорен директорот на училиштето. За разгледување и усвојување на Годишната програма на училиштето задолжен е Училишниот одбор.<br>Раководен орган на училиштето е директорот кој е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето. Директорот соработува, се консултира, одговара и заеднички ги решава проблемите кои произлегуваат од работата во училиштето. Мотивираноста на наставниците за воспитно-образовната работа ја постигнува со меѓусебно разбирање и почитување, со културен, толерантен и демократски однос и со барање одговорност. Инструменти за вреднување на воспитно-образовната работа на наставниците преку посета на часови, редовност, исполнителност, постигнувања резултати на училишни натпревари, ангажирања во стручни активи, мотивација. Раководниот орган ја промовира добрата практика што постои во училиштето има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работната способност да комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој. Раководниот орган има компентенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики , планирање и обезбедување квалитет.Тој е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и младинско учество. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Највисок стручен орган на училиштето е Наставничкиот совет каде членуваат сите вработени наставници и стручни соработници. Преку него се води грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна работа на училиштето. Редовноста од страна на наставниците е во целост исполнета. Работата на Наставничкиот совет се состои од:<br>-давање мислење по предлог на годишната програма за работа на училиштето,<br>-разгледување и утврдување успехот на учениците и работата на другите органи,<br>-донесување одлуки и по проговор на учениците за утврдени оценки,<br>-одредување и доделува награди на ученици,<br>-изнаоѓање форми, методи, заклучоци за подобри резултати кај учениците<br>-изработување и усвојување проекти и планови на училиштето,<br>-разгледување и утврдува насоки дадени од страна на Министерството, Бирото за развој на образованието и од Локалната самоуправа,<br>-разгледување извештај од реализација на годишната програма за работа од самоевалуација, од извршената интегрална евалуација и предлагање соодветни мерки,<br>-давање мислење за годишниот финансиски план на училиштето,<br>-разгледување План за развој на училиштето,<br>-избирање претставници во УО,<br>-вршење други работи утврдени со Статутот на училиштето.<br>Програмски планирани состаноци на раководниот тим со наставниот кадар се одржуваат: Стручен актив еднаш месечно, а Одделенски и Наставнички најмалку 4 пати во годината и со нив раководи директорот на училиштето. На овие состаноци се разгледува Годишната програма, Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето, се утврдуваат задолженија на наставниците, се носи програма за организирање на ученички |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | • Раководење со училиштето | екскурзии, програма за стручно усовршување на наставниот кадар и други прашања поврзани со наставата. Годишната програма е разгледана и усвоена на Наставничкиот совет и Училишниот одбор.Покрај органот на управување и раководење во училиштето има стручни органи и тела и тоа:<br>*Наставнички совет на училиштето,<br>*Одделенски совети, одделенски раководители,<br>*Совет на родители и<br>*Ученички парламент.<br>Консултациите со раководниот тим се одвиваат по пат на разговор, а информациите се добиваат на состаноци, усни известувања, и известувања во писмена и електронска форма на огласната табла во училиштето. Работата и активностите на Советот на родители се евидентира во записничка книга.<br>- Раководниот орган гради политика на здрава училишна клима. Тоа го постигнува преку донесените прописи и правила на однесување на учениците. Раководниот орган има изготвени Кодекс на однесување (за наставници, ученици и родители) со кој се регулирани следните подрачја:<br>- Организација и реализација на воспитно-образовниот процес;<br>- Училишна клима;<br>- Професионален развој и усовршување;<br>- Училишна култура;<br>- Соработка со локалната средина и<br>- Комуникација и односи со јавноста.<br>Во училиштето постојат и се применуваат и следните правилници и програми:<br>- Правилник за почитување на куќниот ред;<br>- Правилник за оценување, напредување, полагање на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки;<br>- Регистер на изречени педагошки мерки на учениците;<br>- Регистер за учество на ученици на натпревари;<br>-Правилник за утврдување Ученик-првенец на генарацијата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | -Програма за намалување на насилството во училиштето<br>-Програма за ОХО проект<br>-Програма за меѓуетничка интеграција во образованието<br>-Програма за грижа на училиштето за здравјето на учениците<br>-Правилник за советување родители на учениците<br>-Правилник за заштита од пожари,земјотреси и други непогоди<br>-Правилник за заштита за лични податоци,<br>-Правилник за користење на компјутерска опрема,<br>-Правилник за прием и запишување на деца во прво одделение<br>-Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците и според овој правилник се изготвува програма за изведување на ученички екскурзии.<br>Креирањето на училишната политика се базира на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето како и осмислување на начинот со кој тие потреби ќе се задоволат. Раководниот орган знае објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес кон тимска работа. Во креирањето на политиката вклучени се сите наставници, ученици и родители, но постои и отвореност за соработка со различни партнери. Со училишната политиката се информираат сите заинтересирани субјекти на Наставнички совет, Одделенски совети и Стручни активи.<br>Во училиштето раководниот орган формира училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивната политика и практика на ниво на цело училиште и инклузивен тим за ученик кој што работи по индивидуален образовен план - ИОП. Училишниот инклузивен тим е составен од седум члена и тоа – педагог или психолог, односно социјален работник во учиштето , двајца наставници од редот на вработените на училиштето од предметна и одделенска настава, двајца родители односно старатели, специјален едукатор и рехабилитатор и директорот на училиштето. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Се реализираат и стручни предавања од областа на здраственото воспитување во соработка со Општинската организација на Црвениот крст и Здраствениот дом и педагошката служба на училиштето. Во текот на целата учебна година педагошката служба реализира содржини кои помагаат во унапредувањето на здравјето на учениците и превентивно делуваат во заштита од болестите на зависност и заразните болести. Во училиштето се работи на ОХО проектот именуван како “Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем”. Овој проект се одвива според прирачник “Како да се стане еко-училиште”. Во учебната 2016-17 год. нашето училиште доби зелено знаме за успешно спроведените активности. Во учебната 2018/2019 година нашето училиште по втор пат се здоби со зелено знаме за успешно спроведените активности, врз основа на поставените критериуми од страна на организаторот. Како училиште со статус на зелено знаме учествувавме и во проектот Еко пакет наменет за учениците од прво до петто одделение со изработка на макети од тетрапак амбалажа.Проектот се состои од повеќе чекори според кои тековно се реализираат планираните активности. Во овој проект се вклучени сите наставници заедно со раководниот тим.<br>Во учебната 2021 година учениците и вработените од нашето училиште го одбележаа *Отворениот ден за Граѓанско образование* каде се презентираа ученичките иницијативи со цел зајакнување на демократската клима во училиштето, поттикнување на одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и зајакнување на нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена**.**<br>Врз основа на проектот училиштето се здоби со донација лаптоп прожектор и други материјали од БРО.<br>Исто така се работи на проектот “Намалување на насилството во училиштата-како да се сменат нештата”, во чии рамки се реализираа предавања од областа на насилството, и секој |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | наставник во својата Годишна програма вметнува по два часа со содржини прилагодени на проектот.<br>Сите наставници активно се вклучени во спроведување и реализирање на проектот Меѓуетничка интеграција каде секој наставник изработува програма за своите активности а воедно се вклучува и во активности (работа во тимови), а за нововработените наставници дополнително ќе се спроведат и реализираат обуки поврзани со проектот. Како и досега, и отсега долгорочните и краткорочните планирања ќе се реализираат со партнер училиштето ООУ “26 јули”.<br>Неколку години наназад во соработка со МОН, во училиштето се спроведува проектот Антикорупциска едукација на учениците преку работилници, конкурси, вклучувајки ги и родителите на учениците.<br>Од учебната 2018/2019 година почна да се спроведува проектот “Заедничка грижа за правилно насочување на учениците”. Во него се опфатени активности во кои учествуваат ученици и родители. Се одржуваат предавања за заедничка грижа за правилно насочување на учениците.<br>Од учебната 2019/2020 година, нашето училиште во партнерство со Невладината Организација Slow Food Vodno го споведува проектот “Училишни градини”**,** кој вклучува нивно проектирање, изградба и одржливост.<br>Наставниците и стручните соработници приправници под менторство работат првата година, а потоа полагаат стручен испит.<br>За поттикнување и развој на индивидуалните способности на учениците се планираат часови за дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности, вонраставни активности организирани работилници и се применуваат различни наставни стратегии за задоволување на различните потреби на децата. Со Проектот – Компјутер за секое дете, воспитно-образовниот кадар во училиштето на своите часови успешно применува редовна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | настава каде се употребува ИКТ. Преку министерството за образование и наука воспитно- образовниот кадар уредно води Електронскиот дневник.<br>Наставата се изведува на македонски наставен јазик за сите ученици и тоа во две смени.<br>Одговорен за годишното планирање е директорот на училиштето. Во училиштето се формирани тимови кои изготвуваат План за развој на училиштето. Планот за развој ги одразува реалните потреби на училиштето, потребите од перменентно стручно усовршување на наставниот кадар, перманентна едукација на родителите, развивање и усовршување на системот за следење, објективно оценување на постигањата на учениците и истиот се заснова на постоечките ресурси и е поддржан од страна на вработените во училиштето.<br>Планот за развој ги содржи следните елементи:<br>- анализа на состојбата;<br>- Мисија и Визија на училиштето;<br>- цел, стратегија, мото;<br>- подрачја на промени;<br>- развојни цели, задачи, активности и<br>- план за евалуација;<br>- детален план за имплементација каде училиштето се вклучува во проекти и семинари кои промовираат инклузивна настава со цел да се подобри учењето и наставата преку подобрување на професионалните компентенции, подобрување на квалитетот на тематските и дневните планирања на наставниците и подобрување на оценувањето во училиштето. |

| **7.2** | **Креирање на училишната политика** | | |
|---|---|---|---|
| | Прегледани документи | Теми | Активности |
| | • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Кодекс на однесување на учениците<br>• Кодекс на однесување на наставниците<br>• Правилник за почитување на куќниот ред<br>• Правилник за надомест на штета.<br>• Правилник за пофалување, наградување и изрекување на педагошки мерки на учениците<br>• Регистер за учество на учениците на натпревари;<br>• Регистер на изречени педагошки мерки<br>• Годишни извештаи<br>• Записници од работата на Наставничкиот совет | • Јасност и соодветност на мисијата и визијата | Во креирање на Годишната програма за работа на училиштето учествуваат наставниците, стручната служба и директорот на училиштето. Се разменуваат идеи поврзани со наставата и другите активности во училиштето.<br>Училишната политика ја креираат директорот, Училишниот одбор, стручен и наставен кадар во согласнот со Министерството за образование и Локалната самоуправа и Советот на родители. Училишната политика се креира преку долгорочно планирање од страна на раководната структура и субјектите во училиштето. Сите заинтересирани субјекти се информираат за таквата политика, наставниците преку наставнички совети, учениците преку ученичките заедници и ученички парламент, а родителите преку Советот на родители и родителски средби.<br>**Мисија:** Го поттикнуваме и обезбедуваме индивидуалниот развој на учениците и наставниците, ја развиваме свеста за правата и одговорностите, го негуваме меѓусебното разбирање и почитување, работиме по високи етички стандарди.<br><br>**Визија:** Училиште во кое се прашува и анализира, се мисли и се создава, каде се развиваат индивидуалните и колективните способности на сите субјекти**.** Мисијата и визијата на училиштето ја одразува државнаа и локалната образовна политика. Тие се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, подршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција, тука е и професионалниот развој на наставниците и унапредување на постигањата на сите ученици.Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти да работат на остварување на мисијата и визијата.<br><br>**Цели:** Целите и креирањето на училишната политика се засноваат во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Стекнување трајни и применливи знаења и оспособување на учениците за целоживотно учење и индивидуален развој. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | • Процедури за креирање училишна политика | **Стратегија:** Осмислен избор и примена на наставни начела, методи и постапки кои кај секој ученик ќе делуваат поттикнувачки на сите подрачја на неговиот индивидуален развој и неговата интеграција во општеството.<br><br>**Мото:** Добар Ученик - Успешен Човек<br><br>Училиштето гради политика на здрава училишна клима. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на учениците. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на родителите. Училиштето има изготвено и Кодекс на однесување на наставниците, каде јасно се дефинирани обврските на сите вработени во училиштето пред се наставниците.<br>Во училиштето постои Правилник за почитување на куќниот ред со чии одредби се утврдуваат правилата за однесувањето во училиштето и се регулира дневниот живот во училиштето. Куќниот ред во училиштето во најголем дел се почитува, а доколку се утврди прекршување на одредбите од правилникот, се изречуваат соодветни казнени мерки, постои Правилникот за надомест на штета.<br>Во училиштето постојат и се применуваат правилници со кои се уредува и креира училишната политика, во која се вклучени сите наставници, ученици и родители. Креирањето на училишната политика се базира на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето како и осмислување на начинот со кој тие потреби ќе се задоволат.<br>Во училиштето се води евиденција за учество на учениците на натпревари и за изречени педагошки мерки. Со анализа на податоците од овие регистри се увидуваат и планираат понатамошните насоки за подобрување на работата, дисциплината и успехот на учениците. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Резултати од развојното планирање | Учениците кои постигнуваат особени резултати јавно се пофалуваат и наградуваат.<br>Врз основа на направениот увид од годишните извештаи се согледува целокупната активност на учениците и вработените во училиштето. За подобрување на истата се превземаат соодветни инструменти.<br>За поттикнување и развој на индивидуалните способности на учениците се планираат часови за дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности, организирани работилници и се применуваат различни наставни стратегии за задоволување на различните потреби на децата.Училиштето има проширени процедури за донесување училишни политики.Тоа ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење на училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, намалување на сите видови насилства, антикорупциска едукација, недискреминација. Сите во училиштето активно земаат учество во креирање и подобрување на политиката како и за нивно остврување. |
| | • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Самоевалуација и развоен план<br>• Акциски планови<br>• Разговор со директор, психолог, наставници, ученици<br>• Записници од УО, Совет на родители и Наставнички совет<br>• Пописни листи<br>• Финансиски план на училиштето | | За годишното планирање на училиштето е одговорен директорот, а му помага стручниот соработник. Со планот за развој дадена е проценка на потребите на училиштето и определени се приоритетните насоки за развој на училиштето, начини за нивно остварување и носителите на активностите. Планот за развој на училиштето ги содржи следните елементи: Мисија и визија на училиштето и чекори за остварување на развојниот план.<br>Резултатите од развојното планирање се во согласност со државната и локалната образовна политика, реално се отсликани, јасни, прецизни, и ги отсликуваат мисијата и визијата и вредностите на потребите на сите три училишта. При нивно дефинирање се земени предвид ставовите на директорот, наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница. Училиштето има изготвено акциски планови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Записници од органите и телата<br>• Апликации на училиштето за обезбедување на средства | Резултати од развојното планирање | за остварување на резултатите од поставените цели за следење, спроведување и успешност на реализација на активностите.<br>Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Се става силен акцент на професионалниот развој според потребите на наставниците. Повратните информации од учењето и наставата даваат насоки за постојан професионален развој. Поддршката, исто така се усогласува според училишната визија и поставените цели.<br>За професионален развој/ стручно усовршување Секој наставник редовно посетува обуки организирани од БРО и УСАИД<br>Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената.<br>Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува.<br>Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално-техничките средства на училиштето. Постои финансов план на училиштето според кој однапред се планираат средства за потребите на училиштето.<br>Потребите за реализација на успешна настава се делумно задоволени во поглед на материјално-технички средства и нагледни средства. Во сите три училишта еднакво се обезбедуваат средства според потребите.<br>Училиштето планира подобрување на инфраструктурата со Годишната програма.<br>Директорот на училиштето вложува максимум во изнаоѓање на донатори, соработува со локалната самоуправа за обезбедување на средства.<br>Инфраструктурата на училиштето ги задоволува потребите, и континуирано се работи на обезбедување на средства за подобрување на истите.<br>Се прават долгорочни планирања кои ќе се реализираат во одреден временски период. |

## ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ

| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество:** | **Кои информации се собрани?** |
|---|---|---|
| • Анкета за наставници;<br>• Набљудувања;<br>• Разговор; | **Изработиле:**<br>- Златка Панчевска<br>- Мирјана Ивановска<br>- Марина Митковa<br>- Ивона Величковска<br>- Виолета Божиновска | Во училиштето анкетирани се 23 наставници, сите со македонска етничка припадност. 1 е од машка полова припадност а 22 се од женска полова припадност. Од спроведената анкета добиени се следните резултати:<br><br><br>1. Директорот има јасна визија за развој на училиштето што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени субјекти - Од анкетираните<br>56.2% се согласуваат потполно,<br>43.5% одговориле со се согласувам.<br><br><br>2. Вработените активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките како и за активностите за нивно остварување - |

52.2% се согласуваат потполно,

43,5% одговориле со се согласувам,

4.3% делумно се соглауваат




3.Училиштето ги вклучува сите субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да придонесат за остварување на целите -

47,8% се согласуваат потполно,

47.8% се согласуваат,

4.3% делумно се согласуваат




4.Училиштето обезбедува навремени информации за наставниците, учениците и родителите Од анкетираните:

52,2% потполно се согласуваат ,

47,8%% одговориле со се согласувам




5.Директорот го заснова своето работење и промовира тимската работа во училиштето . Од анкетираните:

52,2%се согласуваат потполно,

47,8% одговориле со се согласувам




6.Постои добра комуникација помеѓу директорот и вработените .

69,6% се согласуваат потполно,

| | | |
|---|---|---|
| | | 26,1 % одговориле со се согласувам.<br>4,3% делумно се согласувам<br><br><br>7.Постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето се во фокусот на директорот и училиштето воопшто. Од анкетираните<br>58,5% се согласуваат потполно,<br>43,5% одговориле со се согласувам.<br><br><br>8.Видот на обуките е определен согласно програмата за професионален развој- Од анкетираните:<br>43,3% се согласуваат потполно, |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>
43,3% одговориле со се согласувам и
13 %делумно се согласува


9.Транспарентно се врши избор на наставници за посета на семинари и други стручни усовршувања . Од анкетираните:
52,2%се согласуваат потполно,
26,1 % одговориле со се согласувам и
21,7 одговориле со делумно се согласувам


10. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето –
52,2% се согласуваат потполно,
</td>
</tr>
</table>

43,5% се согласуваат и




11. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува -

56,5% се согласуваат потполно,

39,1% одговориле со се согласувам

4,3% делумно се согласувам




12. Училиштето обезбедува подеднакво услови за изведување на наставата (училници, наставни помагала. Од анкетираните:

52,2% се согласуваат потполно,

| | | |
|---|---|---|
| | | 39,1% одговориле со се согласувам и<br><br>8,7% делумно се согласуваат<br><br><br><br><br>13. Училиштето континуирано работи за подобрување и осовременување на инфраструктурата - Од анкетираните:<br><br>56,5% се согласуваат потполно,<br><br>39,1% одговориле со се согласувам.<br><br>4,3 %делумно се согласуваат<br><br><br><br><br>14. Детектира и се фокусира на јасни приоритети воочени во развојниот план/програма преку ефективна самоевалуација<br><br>52,2% одговориле со потполно се согласувам и<br><br>43,5 % одговориле со се согласувам |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>4,3 % потполно се согласувам<br><br><br>15.Директорот има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз знаења и вештини.<br><br>60,9%одговориле со потполно се согласувам и<br><br>39,1% одговориле дека се согласуваат<br><br></td>
</tr>
<tr>
<td>• Анкета за родители<br>• Набљудувања;<br>• Разговор.</td>
<td>Изработиле:<br><br>- Златка Панчевска<br>- Мирјана Ивановска<br>- Марина Миткова<br>- Ивона Величковска<br>- Виолета Божиновска</td>
<td>Во училиштето анкетирани се 18 родители, сите со македонска етничка припадност. Од спроведената анкета добиени се следните резултати:</td>
</tr>
</table>




1.Родителите активно учествуваат во креирање на целите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување - Од анкетираните;
72,2% се согласуваат потполно,
22,2% одговориле со се согласувам,




2. Родителите имаат можност за искажување на своето мислење, поставување на прашања и давање коментари и сугестии - Од анкетираните;

66,7%се согласуваат потполно,

27.8% одговориле со се согласувам,



| | | |
|---|---|---|
| | | 3.Училиштето ги зема предвид мислењето на родителите, учениците и локалната заедница . Од анкетираните;<br>55,6% се согласуваат потполно,<br>3,3% одговориле со се согласувам,<br><br><br>4.Училиштето подеднакво придонесува за учениците без разлика на полот, етничката припадност или социјалното потекло - Од анкетираните;<br>83.3% се согласуваат потполно,<br>16,7% одговориле со се согласувам<br><br><br>5.Родителите учествуваат во разновидни активности организирани во училиштето. Од анкетираните;<br>61,1% се согласуваат потполно, |

33,3% одговориле со се согласувам, а




6.Задоволен сум од севкупната организација на работата во училиштето Од анкетираните;

61,1% се согласуваат потполно,

38,9% одговориле со се согласувам, а




7. Директорот на училиштето е отворен за комуникација и соработка со воспитно образовните потреби на учениците – Од анкетираните;

77,8% се согласуваат потполно,

22,2% се согласуваат и



8. Родителските средби се редовни и добро организирани. Од анкетираните:

71% се согласуваат потполно,

25,8% се согласуваат и

3,2 делумно се согласувам.




9. Во училиштето се води политика во врска со дисциплината, поведението и елиминирањето на насилничкото однесување и меѓуетничка интеграција во образованието каде се вклучени учениците, сите вработени и родителите со 66.7 % одговориле со потполно се согласувам,

27,8%се согласувам ,




10. Наставниците комуницираат со нас, отворени се за прашања и соработка и го почитуваат нашето мислење во образовниот процес – 64

33,3% се согласуваат потполно,

61,1% се согласуваат и

<table>
<tr><td></td><td></td><td>
</td></tr>
<tr><td>• Анкета за ученици;<br>• Разговори;<br>• Набљудувања.</td><td>Изработиле:<br><br>- Златка Панчевска<br>- Мирјана Ивановска<br>- Марина Миткова<br>- Ивона Величковска<br>- Виолета Божиновска</td><td>Во училиштето анкетирани се 22 ученици. Од спроведената анкета добиени се следните резултати: Пол: машки 45,5%, женски 54,5%.<br>
<br>1.Ги знам моите права и обврски во училиштето.-Од анкетираните:<br>86,4% се согласуваат потполно,<br>13,6% одговориле со се согласувам.<br>
<br>2. Наставата е интересна и наставниците обмислуваат активности преку кои ги активираат сите ученици-Од анкетираните<br>81,8% се согласуваат потполно,</td></tr>
</table>

13,6% одговориле со се согласувам.




3. Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања, да истражуваат и изведуваат заклучоци.Од анкетираните
77,03% се согласуваат потполно,
18,2% се согласуваат.




4. На час користиме разновидни материјали и средства за работа . Од анкетираните Од анкетираните:
81.8% се согласуваат потполно,
13,6% одговориле со се согласувам




5. Наставниците имаат еднаков и правичен третман кон сите ученици .

68,2% се согласуваат потполно,
13,6% се согласуваат, а
13,6% делумно.




6. Постои одлична соработка меѓу наставниците и учениците .
68,2% се согласуваат потполно,
27,3% одговориле со се согласувам




7. Директорот секогаш ни е достапен за информации, помош и совет -
77,3% се согласуваат потполно,
22,7% се согласуваат.




8. Учениците имаат можност активно да се вклучат при решавање на училишни проблеми . Од анкетираните:
68,2% се согласуваат потполно,

22,7% одговориле со се согласувам и
9 %делумно се согласувам.




9. Редовно сум вклучен во активности кои се спроведуваат во училиштето .
72,7% се согласуваат потполно,
18.2% се согласуваат;




10. Во училиштето се чувствувам пријатно и задоволен сум од условите . – Од анкетираните:
77,3% се согласуваат потполно,
18,2% одговориле со се согласувам а



**Самоевалуација на ООУ “Наум Охридски” - с. Булачани,Скопје**

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика**

**Разултати:**

**Клучни јаки страни**

- Просторните услови на училишните згради целосно и добро се искористени
- Училиштето е опремено со потребен мебел кој добро се одржува
- Училиштето има добра раководна структура која може соодветно да одговори на обврските и предизвиците
- Тимската работа е на високо ниво
- Има транспарентност во работата
- Раководниот тим има јасна визија за управување со конструктивност, правичност при донесувањето одлуки
- Постои добра опременост со надгледни средства
- Изграден училишен имиџ
- Библиотеката-медијатеката е сместена во многу добра просторија опремена со лектирни изданија каде уредно се води пишана и електронска евиденција.
- Училиштето организира интерни семинари и натпревари на ниво на училиште
- Најголем дел од родителите се задоволни од односот на директорот, наставниците и вработените со што е воспоставена клима на почит и соработка меѓу наставник, родител и ученик
- Просториите, ходниците, санитариите, дворните места редовно и уредно се одржуваат, а нивни показател е високо ниво на хигиена

**Слабости**

- Нема фискултурна сала (простор за реализација на наставата по ФЗО)

**Анализа на резултатите**:

***Подетална евалуација на ова подрачје***

Тимот која работеше на евалуација на подрачјето: Управување, раководење и креирање политика ја сочинуваат наставници од предметна настава и преставници од стручна служба: Златка Панчевска, Мирјана Ивановска, Марина Миткова, Ивона Величковска и Виолета Божиновска. Тимот настојуваше објективно, критички и аргументирано да ги анализира и синтетизира податоците за да одговори на прашањата кои се однесуваат на организацијата, делегирањето на одговорностите и комуникацијата при донесувањето одлуки и нивно пренесување. Во подготовката на извештајот податоците ги црпевме од законските акти, постоечката документација во училиштето.Органот на управување (Училишниот одбор) е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор (во понатамошниот текст УО) е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО. Состаноците се одржуваат и реализират во согласност со деловникот за работа на УО. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето, кој присуствува на сите седници на УО и со другите образовни структури. Членовите на Училишниот одбор имаат јасна претстава за добрите и слабите страни на училиштето и даваат целосна поддршка на раководниот орган. Училиштето обезбеди обука за членовите на УО заради успешно извршување на улогата на управување. Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган своето работење во најголем дел го заснова на тимска работа, меѓусебна почит и соработка и секогаш е достапен за помош, совет и давање информации за сите субјекти, знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците и подобрувањето на училиштето како и тимската работа. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница. Раководниот орган редовно ги прати промените во воспитно-образовниот систем и истите според можностите ги применува. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот,

наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето.

Вработените активно учествуваат во креирањето и во ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците кои секогаш наоѓаат место онаму каде што се најпотребни.
Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати.
Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има подготвено програма и обезбедено финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно-образовниот процес, вклучувајќи обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето.
Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување.
Училиштето континуирано интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето. Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.
Од извршената анализа на работењето на училиштето во изминатите две учебни години, може да се заклучи дека раководството се движи во вистинска насока при креирањето на училишната политика. Училиштето вложува максимум во подобрување на условите за работа,обезбедувајќи средства според потребите, превзема активности за одржување и подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето.

**Идни активности:**

- Редовно одржување и подобрување на инфраструктурата на училиштето
- Континуирано професионално усовршувањето на наставниот кадар
- Да се поведе постапка за изградба на фискултурна сала во подрачното училиште во с.Црешево

Изработиле:
Златка Панчевска,
Мирјана Ивановска,
Марина Миткова,
Ивона Величковска,
Виолета Божиновска

## 3. Извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа

Врз основа на член 129, став 1, 2, 3 и 4 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година) и одредбите од Статутот на училиштето, ООУ ,, Наум Охридски с. Булачани- Скопје“, општина Гази Баба изврши самоевалуација за сопствената работа и постигањата на училиштето. Самоевалуацијата ја спроведуваше Училишна комисија, која по предлог на директорот, беше формирана од Училишниот одбор со Одлука бр. 02– 06 /30 од 29.04.2022 година.

Во состав на Училишната комисија се:

1. Елена Максимовска-одделенски наставник
2. Елизабета Синделиева – психолог
3. Соња Рулеска – наставник по биологија и хемија
4. Сања Петрушевска-преставник од совет на родители
5. Елена Спасовска-преставник од совет на родители

За поголема ефикасност во работењето, беа формирани тимови по подрачја. Тимовите спроведоа разговори и консултации со вработени лица во училиштето. Училишната комисија и тимовите во текот на изработката на самоевалуацијата ги побараа и ги имаа на увид сите потребни документи и евиденцијата во училиштето. Беше извршена проверка на потребната документација и од неа користеа повеќе податоци. Беа спроведени анкети со наставници, ученици и родители. Добиените податоци беа обработени, анализирани и беа користени во изработката на самоевалуацијата.

Врз основа на сето ова, Училишната комисија изработи документ „Самоевалуација, 2020-2022“, во којшто се внесени и резултатите од анализата на спроведената анкета со наставници, ученици и родители.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е преку конкретни анализи и осврти на сите области на работењето на училиштето да се добие слика за квалитетот во работата, напредокот и постигањата на училиштето, јаките страни и слабостите, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.

Воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процесда ги вложат сопствените капацитети и да ги искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето.

Самоевалуацијата ги издвојува приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да бидат во помал број, а јаките страни да се одржуваат и да се зголемуваат.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка многу добар. Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, што е добиена од сите седум подрачја што ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

Предлог мерките за подобрување на квалитетот на работата на училиштето ќе бидат внесени во Годишната програма за работа на училиштето за следните учебни години и во следната Програмата за развој на училиштето.

Комисијата изработи извештај за процесот на самоевалуација и истиот го достави до Училишниот одбор, директорот на училиштето и на општина Гасзи Баба.

Училишна комисија

Елена Максимовска

Елизабета Синделиева

Соња Рулеска

Сања Петрушевска

Елена Спасовска

Директор

--------------------------

м-р Елизабета Андова